СЛУЖБЕН ВЕСНИК
НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на НРМ“ излегува по потреба. Ракописите не се враќаат. Огласи по тарифата.

Сабота, 31 декември 1960
Скопје
Број 42 Год. XVI

Претплатата за 1960 год. изнесува 1.500 дин. Овој број чини 48 дин. Жиро сметка број 802-11/1—698.

333.

УКАЗ
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАВРШНАТА СМЕТКА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 1959 ГОДИНА

На основа член 71 точка 11 од Уставниот закон за основите на општественото и политичкото уредување и органите на власта на Народна Република Македонија, се прогласува Законот за завршната сметка за извршување на Буџетот на Народна Република Македонија за 1959 година, што го усвои Народното собрание на Народна Република Македонија, на седницата на Републичкиот собор одржана на 21 декември 1960 година и на седницата на Соборот на производителите одржана на 21 декември 1960 година.

У број 24
21 декември 1960 година
Скопје

Претседател на Народното собрание, **Лазар Колишевски**, с. р.

Претседател на Извршниот совет, **Александар Грличков**, с. р.

ЗАКОН
ЗА ЗАВРШНАТА СМЕТКА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 1959 ГОДИНА

Член 1

Остварените приходи и извршените расходи по Буџетот на Народна Република Македонија за 1959 година изнесуваат:

I — По Републичкиот буџет:

Приходи	Дин	8.093.674.990
Расходи	Дин.	8.166.216.630
Вишок на расходите	Дин.	72.541.646

II — По претсметките на установите со самостојно финансирање:

Приходи	Дин.	3.321.284.419
Расходи	Дин.	3.141.350.909

III — По претсметките на посебните републички фондови:

Приходи	Дин.	1.941.431.277
Расходи	Дин.	1.646.253.973

Член 2

Вишокот на извршените расходи над остварените приходи во износ од динари 72.541.646 се покрива од средствата на Републичкиот резервен фонд.

Член 3

Прегледот за одобрените и остварените приходи и одобрените и извршените расходи и завршните сметки на републичките установи со самостојно финансирање и на посебните републички фондови за 1959 година се составен дел на овој закон.

Член 4

Овој закон влегува во сила со денот на неговото објавување во „Службен весник на Народна Република Македонија“.

334.

УКАЗ
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА РЕПУБЛИЧКИОТ ФОНД ЗА НАУЧНА РАБОТА

На основа член 71 точка 11 од Уставниот закон за основите на општественото и политичкото уредување и органите на власта на Народна Република Македонија, се прогласува Законот за Републичкиот фонд за научна работа, што го усвои Народното собрание на Народна Република Македонија, на седницата на Републичкиот собор одржана на 21 декември 1960 година и на седницата на Соборот на производителите одржана на 21 декември 1960 година.

У број 25
21 декември 1960 година
Скопје

Претседател на Народното собрание, **Лазар Колишевски**, с. р.

Претседател на Извршниот совет, **Александар Грличков**, с. р.

ЗАКОН
ЗА РЕПУБЛИЧКИОТ ФОНД ЗА НАУЧНА РАБОТА

I ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

Член 1

Се основа Републички фонд за научна работа (во понатамошниот текст: Фонд).

Средствата на Фондот се употребуваат за поттикнување и помагање на научната работа од првенствено значење за остварување на задачите од општествениот план на Народна Република Македонија и за општиот општествен напредок.

Член 2

Средствата на Фондот се обезбедуваат со републичкиот општествен план во републичкиот буџет.

Средствата на Фондот се обезбедуваат и од дотации од стопански и други организации и установи, како и од интересот на средствата на Фондот вложени кај Народната банка и од други извори.

Средствата на Фондот се држат на сметка кај Народната банка.

Член 3

Заради овозможување на повеќегодишно финансирање на научната работа, на Фондот му се обезбедуваат дотации од републичкиот буџет по пат на финансиска програма според одредбите од член 53 до 55 од Законот за буџетот и финансирањето на самостојните установи.

Член 4

Средствата на Фондот се користат според смерниците утврдени во програмата за научна работа, што ја донесува Советот за научна работа на НРМ (во понатамошниот текст: Советот).

Советот може во програмата за научна работа, или со друг акт да утврди мерила и услови за финансирањето на научната дејност од Фондот, во рамките на средствата на Фондот.

Член 5

Фондот служи за дополнително финансирање на оние научни работи за кои соодветни средства обезбедуваат научните установи, стопанските и други организации.

Фондот може да преземе на финансирање и во целост определени научни работи од општ општествен интерес.

Член 6

Фондот по правило ги финансира научните работи на оние научни установи, организации и одделни научни работници, за кои може да се претпостави дека соодветните работи ќе ги извршат најуспешно.

Член 7

Фондот има својство на правно лице.

Член 8

Со Фондот се управува според начелата на општественото управување.

Член 9

Фондот има свои правила, со кои поблиску се определува организацијата и начинот на работењето на Фондот.

Правилата ги донесува Управниот одбор на Фондот, а ги потврдува Советот.

Член 10

Одредбите на Законот за буџетот и финансирањето на самостојните установи што се однесуваат на фондовите на политичко-територијалните единици се применуваат и на овој фонд, доколку за одделни работи со овој закон не е определено поинаку.

II ФИНАНСИСКИ ПЛАН НА ФОНДОТ

Член 11

Средствата на Фондот се користат врз основа на годишен финансиски план.

Со финансискиот план на Фондот се обезбедуваат резервни средства во износ од 10% од вкупните средства со кои располага Фондот во таа година за финансирање на научни работи што со тој план не се предвидени изрично, како и други научни работи за кои Советот ќе препорача да се финансираат од средствата на Фондот.

Член 12

Финансискиот план на Фондот се утврдува по претходно прибавено мислење од заинтересираните научни, стопански и други организации, установи и државни органи.

Во финансискиот план на Фондот може да се утврди првенство за одредени научни работи.

Финансискиот план на Фондот опфаќа работи што се однесуваат односно извршуваат во текот на една година, а важи за годината за која се однесува.

Финансискиот план се донесува пред почетокот на годината за која се однесува.

Член 13

Финансискиот план на Фондот го донесува Управниот одбор на Фондот, а го потврдува Советот.

Советот може да определи услови под кои средствата на Фондот можат да се доделуваат за извршување на научни работи што не се изрично предвидени со финансискиот план.

Член 14

Финансискиот план на Фондот е јавен и им е достапен на заинтересираните научни установи, стопански и други организации, државни органи и установи.

Одредбата од претходниот став не се однесува на оние делови од финансискиот план на Фондот што поради општ интерес претставуваат тајна, за што одлучува претседателот на Советот.

III. НАЧИН И ПОСТАПКА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА СРЕДСТВА ОД ФОНДОТ

Член 15

Средства на Фондот се доделуваат на начин и постапка утврдени со овој закон и правилата на Фондот.

Член 16

Фондот ги повикува научните установи и научните работници што сакаат да извршат научни работи во рамките на финансискиот план на Фондот да поднесат барање за доделување на средства од Фондот.

Член 17

Управниот одбор на Фондот може пред да донесе одлука за доделување на средства од Фондот да формира посебна комисија, која ќе даде мислење за тоа која научна установа или научен работник дава најмногу гаранција за извршување на одделни научни работи.

Мислењето од претходниот став може да го даде, по барање на Управниот одбор на Фондот, и соодветната комисија на Советот.

Член 18

Управниот одбор на Фондот откако ќе ги разгледа поднесените барања за доделување средства за извршување на одделни научни работи, им доделува средства за извршување на тие работи на научните установи или научните работници што даваат гаранција дека работите ќе ги изврша најуспешно.

По исклучок од одредбите на претходниот став, Управниот одбор на Фондот може по прибавеното мислење од комисијата од член 17, да им додели средства за извршување на одделни научни работи и на оние научни установи или научни работници што не поднеле барање во смисла на член 16 од овој закон.

Член 19

Фондот е должен да ги извести сите научни установи и научни работници, што поднеле барање во смисла на член 16 од овој закон, за решението со кое се доделуваат средства од Фондот на определена научна установа или научен работник, за извршување на одделни научни работи.

Ако научната установа, или научниот работник, што поднеле барање во смисла на член 16 од овој закон, сметаат дека со доделувањето на средствата од Фондот на друга научна установа или научен работник за извршување на научни работи е повреден нивниот интерес, можат да му поднесат приговор на Советот и тоа во рок од 15 дена од денот на приемот на известувањето за решението.

Приговор во смисла од претходниот став може да се стави и во случаите кога не е применета постапката од член 16 на овој закон.

При решавањето на приговорите од претходните ставови не се применуваат одредбите од Законот за општа управна постапка.

Член 20

За извршување на научни работи за кои се доделуваат средства од Фондот се склучува договор помеѓу Фондот и научната установа или научниот работник, на кои им се доделуваат средства.

Во правилата на Фондот можат да се предвидат условите и елементите што ќе ги содржи договорот од претходниот став.

IV УПРАВУВАЊЕ СО ФОНДОТ

Член 21

Со Фондот управуваат управен одбор и директор.

Член 22

Управниот одбор на Фондот има од 7 до 11 членови.

Членовите на Управниот одбор на Фондот ги именува Извршниот совет, по предлог на Советот.

Директорот на Фондот е член на Управниот одбор по своето службено место.

Член 23

Мандатот на членовите на Управниот одбор на Фондот трае две години.

Член 24

Претседателот на Управниот одбор го избираат од својата средина членовите на Управниот одбор на својата прва седница.

Седниците на Управниот одбор на Фондот ги свикува и на нив претседава претседателот.

Член 25

Управниот одбор на Фондот решава полноважно ако на седницата се присутни најмалку две третини од вкупниот број на членовите.

Решенијата и заклучоците на Управниот одбор се донесуваат со мнозинство гласови од присутните членови.

Член 26

Управниот одбор на Фондот ги врши особено овие работи:

— донесува правила на Фондот;

— донесува финансиски план и завршна сметка на Фондот;

— одлучува за давање средства од Фондот на научни установи и одделни научни работници;

— го следи извршувањето на договорите;

— одлучува за преземање обврски на Фондот кон научно-истражувачките установи, организации и научни работници во земјата и странство, а во границите на средствата утврдени со финансискиот план на Фондот и одобрените туѓи средства за плаќање.

Член 27

Завршната сметка на Фондот ја потврдува Советот.

Член 28

Фондот го претставува и го застапува пред трети лица директорот, кој е наредбодател за извршување на финансискиот план на Фондот.

Директорот на Фондот го именува Извршниот совет.

Член 29

Административните работи на Фондот ги врши Секретаријатот на Советот за култура на НРМ.

V ПРЕОДНИ ОДРЕДБИ

Член 30

До донесување на финансиската програма со која се обезбедуваат дотации на Фондот од Републичкиот буџет (член 3 од овој закон) Фондот може да преземе обврски што ќе ги извршува во наредните години само до висината на износот на средствата со кои располага во годината во која создава такви обврски.

При преземањето на обврските од претходниот став, Фондот мора да води сметка и за финансирање на новите научни работи во таа година.

Член 31

Овој закон влегува во сила осмиот ден по објавувањето во „Службен весник на НРМ".

335.

У К А З
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА МУЗЕЈСКИТЕ УСТАНОВИ

На основа член 71 точка 11 од Уставниот закон за основите на општественото и политичкото уредување и органите на власта на Народна Република Македонија, се прогласува Законот за музејските установи, што го усвои Народното собрание на Народна Република Македонија на седницата на Републичкиот собор одржана на 21 декември 1960 година.

У број 28
21 декември 1960 година
Скопје

Претседател на Народното собрание, **Лазар Колишевски**, с. р.

Претседател на Извршниот совет, **Александар Грличков**, с. р.

З А К О Н
ЗА МУЗЕЈСКИТЕ УСТАНОВИ

I ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Музејските установи се самостојни културно-просветни установи организирани врз начелата на општественото управување.

Музејски установи во смисла на овој закон се: музеите, галериите, самостојните музејски збирки и самостојните галериски збирки.

Член 2

Музеите и галериите имаат задача:

— систематски да собираат, средуваат, стручно обработуваат, и проучуваат, објавуваат, одржуваат и излагаат музејски материјал;

— да придонесуваат за културното издигање на народот, запознавајќи го со документи и предмети од културниот, економскиот и општествено-политичкиот развиток, техничкиот напредок и природните законитости;

— да вршат образовно-воспитно влијание врз општото културно и идејно издигање на младината и возрасните;

—да придонесуваат за унапредувањето на музејската струка и стручното образование на музејските кадри.

Одделни музеи и галерии покрај задачите од претходниот став, можат да вршат и научно-истражувачка работа.

Член 3

Самостојните музејски и галериски збирки имаат задача со стручна помош на соодветните музеи и галерии да собираат, чуваат, одржуваат и излагаат музејски материјал и преку тоа да придонесуваат за културното издигање на средината во која делуваат.

Член 4

Како музејски материјал по одредбите од овој закон се сметаат движни предмети со археолошка, историска, социолошка, етнолошка, уметничка и друга вредност од значење на науката, културата и уметноста, што ги прибираат музејските установи заради остварување на своите задачи.

Член 5

Музејски установи основаат Извршниот совет, народните одбори и други државни органи, установи, стопански и општествени организации и здруженија.

Член 6

Музејски установи се основаат за подрачје на општина односно околија и за територијата на Републиката.

Член 7

Според задачите музејските установи се општи и специјализирани.

Член 8

Општите музејски установи имаат задача да ги обработуваат и прикажат музејските материјали што се однесуваат на природата и општеството на одредено подрачје, односно територија.

Член 9

Специјализираните музејски установи имаат една од следните задачи:

1. да ги обработат и прикажат музејските материјали што се однесуваат на природата или природните појави односно процеси на одредено подрачје и во одредено време (природонаучен музеј, палеонтолошки музеј и сл.);

2. да ги обработат и прикажат музејските материјали што се однесуваат на општеството или одделни манифестации на дејноста на одредени општествени групи односно истакнати личности на одредено подрачје и во одредено време (историски музеј, археолошки музеј, етнолошки музеј, меморијален музеј и сл.);

3. да ги обработат и прикажат музејските материјали што се однесуваат на постигањата на одделни области на општествениот стопанскиот или техничкиот развиток (технички музеј, железнички музеј и сл.).

Член 10

Музејските установи ги остваруваат своите културно-просветни задачи преку постојаните поставки, повремени и движни изложби, предавања и семинари, издавање стручни и научни публикации, албуми и каталози, прикажување филмови од својата област и други погодни средства.

Член 11

Во остварувањето на своите задачи музејските установи соработуваат со научните установи, заводите за заштита на спомениците на културата, заводите за заштита на природните реткости, архивите, библиотеките и со други културни и просветни установи, општествени и стопански организации, стручни здруженија и заинтересирани граѓани.

Член 12

Меѓусебните односи на музејските установи се засноваат на рамноправна соработка и стручна помош.

Член 13

Музејските установи се финансираат по општите прописи за финансирање на самостојните установи.

Материјални средства за работа на музејските установи обезбедува основачот.

Член 14

Музејските установи имаат својство на правно лице.

Член 15

Музејските установи имаат правила.

Со правилата поблиско се одредуваат задачите, организацијата и начинот на работата на музејската установа, составот и делокругот на органите на управувањето, како и начинот на изборот на членовите што ги избира работниот колектив.

Правилата ги донесува советот на музејската установа.

Член 16

Политичко-територијалните единици ја претресуваат општата состојба на музејската дејност и прашањата за развитокот и унапредувањето на музејската служба на своето подрачје, основаат и укинуваат музејски установи што ги основале, обезбедуваат материјални средства за работата на музејските установи и се грижат за стручното образование и усовршување на музејските кадри.

II ОСНОВАЊЕ И ПРЕСТАНОК СО РАБОТА

Член 17

Музејски установи што делуваат на територијата на Републиката основаат Извршниот совет, државни органи, стопански и општествени организации, установи и здруженија.

Музејски установи што делуваат на подрачје на општина, односно околија основаат народните одбори, стопански и општествени организации.

Два или повеќе општински односно околиски народни одбори можат спогодбено да основаат заедничка музејска установа.

Член 18

Музејска установа може да основа стопанска и општествена организација, здружение и установа само по претходно одобрение од советот надлежен за работите на културата на општинскиот народен одбор на чие подрачје е седиштето на музејската установа, односно Советот за култура на НРМ за музејска установа што делува на територијата на Републиката.

Одобрение за основање на музејска установа не може да не се даде ако за основањето се исполнети пропишаните услови.

Член 19

Музејска установа може да се основа ако се исполнети следните услови:

1. ако постои музејски материјал чие значење е такво што може да послужи како основен музејски фонд.

2. ако се обезбедени соодветен смештај и материјални средства нужни за трајна работа на музејската установа;

3. ако постои стручен персонал потребен за успешна работа на музејската установа;

4. ако постојат разработени тематски програми.

Органот на управата надлежен за работите на културата на народниот одбор на општината на чие подрачје делува музејската установа цени дали се исполнети пропишаните услови.

Советот за култура на НРМ ќе донесе поблиски прописи за условите и постапката од претходните ставови.

Член 20

Актот за основање на музејска установа особено содржи:

1. име и седиште на музејската установа;

2. основна задача на музејската установа;

3. подрачје на кое музејската установа ќе ги врши работите од својот делокруг;

4. податоци за имотот што ѝ се дава на музејската установа на управување.

Член 21

Музејска установа ќе престане со работа ако не исполнува некои од условите пропишани во член 19 од овој закон, односно ако не ги извршува задачите што ѝ се одредени со актот за основање.

Акт за престанување со работа на музејска установа донесува основачот.

Во актот за престанокот со работа на музејската установа се утврдува кој орган, музејска или друга установа го презема музејскиот материјал од музејската установа што престанува со работа.

Од музејскиот материјал на музејската установа што престанала со работа може да се основа самостојна музејска збирка или самостојна галериска збирка.

Член 22

Основањето и престанокот со работа на музејска установа се запишува во регистарот што се води во Советот за култура на НРМ.

Советот за култура на НРМ со правилник ќе го пропише начинот на водењето на регистарот од претходниот став.

Член 23

Со регистрацијата музејската установа здобива својство на правно лице.

Член 24

Актите за основање односно престанок со работа на музејските установи се објавуваат во „Службен весник на НРМ".

III ОРГАНИ НА УПРАВУВАЊЕТО

Член 25

Со музејските установи управува совет и директор.

Член 26

Советот на музејската установа го сочинуваат:

— членови што ги именува основачот од редот на граѓаните кои со својата работа ќе можат да придонесат за извршувањето на задачите на музејската установа;

— членови што ги делегираат заинтересираните органи, установи и организации;

— членови што ги избира колективот на музејската установа од редот на работниците и службениците.

Директорот на музејската установа е член на советот по службено место.

Бројот на членовите на советот што ги избира колективот на музејската установа не може да биде поголем од една третина од вкупниот број на членовите на советот.

Во советот на музејската установа основана од установа, стопанска и општествена организација и здружение влегуваат и лица што ги именува општинскиот собор на народниот одбор на општината на чие подрачје се наоѓа седиштето на музејската установа.

Вкупниот број на членовите на советот и неговиот состав се утврдуваат со правилата на музејската установа.

Членовите на советот се избираат, односно именуваат на две години.

Член 27

Советот на музејската установа ги врши особено следните работи:

— се грижи за успешното извршување на задачите на музејската установа и за обезбедувањето нужни услови за работа на музејската установа;

— ги донесува правилата на музејската установа;

— донесува финансиски план и завршна сметка;

— го утврдува годишниот план за работа на музејската установа;

— го претресува годишниот извештај на музејската установа;

— дава препораки и општи смерници за работа на директорот на музејската установа и го следи нивното извршување;

— именува стручен совет на музејската установа;

— донесува решенија за основање стручни и помошни работилници и лаборатории;

— разгледува претставки и предлози на граѓаните во врска со работата на музејската установа и уредувањето на изложбените поставки;

— распишува конкурс за пополнување на работните места и врши избор на раководители на внатрешни организациони единици;

— врши и други работи што со овој закон или со други прописи и со правилата на музејската установа му се ставени во надлежност.

Член 28

Директорот на музејската установа го назначува основачот, според одредбите од Законот за јавните службеници.

Директорот на музејската установа за својата работа одговара пред основачот и советот на музејската установа.

Член 29

Директорот на музејската установа ги врши особено следните работи:

— ја организира и непосредно раководи со работата на музејската установа,

— ја претставува и застапува музејската установа пред трети лица;

— подготвува годишен план и извештај за работа;

— се грижи за извршувањето на овој закон и други прописи што се однесуваат на музејските установи, како и за законитоста на работата на музејската установа;

— донесува решенија за назначување на службениците и го назначува помошниот персонал;

— донесува решенија за службеничките и работните односи на службениците и работниците на музејската установа;

— врши и други работи што му се ставени во надлежност со овој закон и со други прописи и со правилата на музејската установа.

Директорот на музејската установа е непосреден дисциплински старешина на службениците и работниците на музејската установа.

Член 30

Директорот на музејската установа ќе го запре извршувањето на заклучоците на советот на музејската установа, за кои смета дека се во спротивност со прописите или правилата на музејската установа.

Запрените заклучоци се доставуваат на конечно одлучување на органот што врши надзор над работата на музејската установа.

Ако овој орган не донесе решение во рок од 30 дена од денот на приемот на запрениот заклучок, се смета дека запирањето од извршување е укинато.

Одредбите од претходните ставови не се однесуваат на актите донесени во управна постапка.

Член 31

За разгледување на поважни прашања во врска со стручната работа на музејските установи, во музејските установи можат да се образуваат стручни совети.

Во стручниот совет можат да учествуваат и стручни лица кои не се службеници на музејската установа, а можат да придонесат за успешното решавање на работите од делокругот на стручниот совет.

Составот и начинот на работата на стручниот совет се пропишуваат со правилата на музејската установа.

IV МУЗЕЈСКИ МАТЕРИЈАЛ

Член 32

Музејските установи го набавуваат музејскиот материјал по пат на собирање, купување, ископување или размена, како и со примање подароци и завештанија.

Музејските установи не можат да продаваат музејски материјал.

Член 33

Музејските установи собираат музејски материјал што им служи за извршување на нивните задачи првенствено од подрачјето на кое делуваат.

За комплетирање на своите збирки музејските установи можат да набавуваат музејски материјал

и надвор од подрачјето на кое делуваат, само по претходна согласност од Советот надлежен за работите на културата на народниот одбор на чие подрачје треба да се набавува музејскиот материјал.

Член 34

Споровите помеѓу музејските установи што делуваат на подрачјето на една околија во врска со правото на првенство за собирање на музејски материјал ги решава советот надлежен за работите на културата на околискиот народен одбор.

Споровите помеѓу музејските установи што делуваат на подрачјата на две или повеќе околии во врска со правото на првенство за собирање на музејски материјал ги решава Советот за култура на НРМ.

Член 35

Советот за култура на НРМ може да реши кој музејски материјал пронајден, ископан или на друг начин собран од територијата на Републиката, а сеуште не ќе биде отстапен на постојано користење на музејските установи што делуваат на територијата на Републиката.

При донесување на решението од претходниот став Советот за култура на НРМ ќе води сметка на музејските установи што делуваат на територијата на Републиката да им се отстапува само таков музејски материјал што е од значење за целата Република.

Член 36

За систематско пополнување на збирките музејските установи можат да вршат размена со архивите, библиотеките и други сродни установи, а по исклучок и со приватни лица.

За систематско пополнување на збирките музејските установи можат меѓусебно да вршат размена и подароци на музејски материјал.

За размена на музејски материјал со музеите од другите републики потребно е да се прибави претходна согласност од Републичкиот завод за заштита на спомениците на културата, односно Републичкиот завод за заштита на природните реткости.

Размена со странство може да се врши само под условите предвидени со член 31 од Законот за заштита на спомениците на културата, доколку музејскиот материјал има својство на споменик на културата, односно член 44 од Законот за заштита на природните реткости, доколку музејскиот материјал има својство на природна реткост.

Одлука за размена на музејскиот материјал донесува советот на музејската установа.

Член 37

Музејските установи можат да доверуваат на времено користење музејски материјал на друг музеј, државен орган, установа, стопанска и општествена организација и здружение под условите пропишани со правилата на музејската установа.

Член 38

Музејските установи се должни музејскиот материјал да го направат достапен на лица овластени од надлежна научна институција (факултет, институт и сл.) за користење во научни цели.

Лица кои пронашле музејски материјал по правило имаат право на првенство за обработување и публикување на истиот во рок што ќе го утврди Советот на музејската установа за секој одделен случај. Во изузетни случаи, поради особен општествен интерес, по одлука на Советот за култура на НРМ, материјалот може да биде ставен на располагање и на други лица и пред обработување и публикување од страна на лицата што музејскиот материјал го пронашле.

Член 39

Фотографирање, филмско снимање, прецртување или копирање на музејски материјал може да се врши само со одобрение на директорот а во согласност со правилата на музејската установа.

Член 40

Музејските установи се должни да преземаат потребни мерки за обезбедување на музејскиот материјал од пожар и од други општетувања и уништувања.

Член 41

Музејски материјал може да се расходува само по исклучок и тоа врз основа на предлог од посебна комисија што ја формира советот на музејската установа.

Член 42

Службениците на музејска установа не можат да создаваат свои приватни збирки на музејски материјал ниту можат такви збирки да создаваат за други лица.

Доколку службеникот имал збирки пред стапувањето на служба во музејска установа, односно до влегувањето во сила на овој закон е должен тоа да го пријави на директорот на музејската установа и да поднесе список на тој материјал.

Член 43

Музејските установи задолжително водат влезна и излезна книга на музејскиот материјал, инвентар и картотека.

Член 44

Музејските установи можат да имаат стручни препараторски работилници, лаборатории за поправки, конзервирање и реставрирање на музејски материјал и фотолаборатории.

Музејските установи што имаат работилници и лаборатории од претходниот став можат да вршат конзерваторски и реставраторски работи и за потребите на други органи, установи, организации, здруженија и граѓани.

V ПРАВА И ДОЛЖНОСТИ НА СОВЕТИТЕ И НА ОРГАНИТЕ НА УПРАВАТА

Член 45

Советите надлежни за работите на културата на народните одбори и Советот за култура на НРМ во својот делокруг ги вршат особено следните работи:

— ги претресуваат општите прашања за работата на музејските установи;

— се грижат за обезбедување на материјални средства за работа на музејските установи и за обезбедување трошоците што настануваат во врска со спроведувањето на овој закон, а што се обезбедуваат од општествени средства и за таа цел даваат предлози до народните одбори, односно до Извршниот совет;

— предлагаат донесување и донесуваат прописи, пропишуваат мерки за кои се овластени и се грижат за извршувањето на прописите за работата на музејските установи;

— даваат општи смерници за работата на музејските установи;

— вршат надзор над работата на музејските установи спрема кои народните одбори, односно Извршниот совет ги вршат правата на основач;

— ги разгледуваат годишните извештаи за работата на музејските установи и донесуваат заклучоци во врска со таа работа;

— вршат работи на општествено управување од заеднички интерес за музејските установи;

— се грижат за образованието и усовршувањето на стручните кадри.

Советот за култура на НРМ врши и други работи во областа на музејската служба што со закон или други прописи донесени врз основа на закон му се ставени во надлежност.

Член 46

Органите на управата надлежни за работите на културата на народните одбори:

— вршат надзор над законитоста на работата на музејските установи;

— вршат и други управни работи во областа на музејската служба, доколку одделни работи не се ставени во надлежноста на други органи и установи.

Надзор над законитоста на работата на музејските установи што делуваат на територијата на Републиката врши Секретаријатот на Советот за култура на НРМ.

Член 47

Во вршењето правото на надзор над законитоста, органите од член 46 од овој закон имаат право да бараат од директорот на музејската установа податоци за работата на музејската установа.

Ако надлежниот орган на управата утврди дека органите на управувањето на музејската установа не се придржуваат кон прописите, а должен да им обрне внимание на несогласноста на нивната работа со прописите и на нивните обврски што произлегуваат од прописите.

Ако органот на управата утврди дека органите на управувањето на музејската установа донеле акт во вонуправна постапка што е во спротивност со прописите, ќе го запре од извршување и без одлагање ќе го достави до соодветниот совет надлежен за работите на културата.

Советот надлежен за работите на културата може да го укине или поништи актот од претходниот став ако е спротивен на законот, другите прописи или правилата на музејската установа. Советот е должен да донесе решение по запрениот акт во рок од 30 дена од денот на приемот на запрениот акт.

Член 48

Секретарот на Советот за култура на НРМ може да донесува задолжителни стручни упатства за работата на музејските установи.

VI ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 49

Постојните музејски установи ќе ја сообразат својата организација и работа со одредбите од овој закон во рок од една година од неговото влегување во сила.

Ако основачот утврди дека постојната музејска установа нема услови својата организација и работа да ги сообрази со одредбите од овој закон во рокот од претходниот став ќе донесе акт за престанок со работа на музејската установа.

Член 50

До донесувањето правила на музејската установа според одредбите од овој закон, бројот на членовите како и составот на советот на музејската установа го одредува советот надлежен за работите на културата на соодветниот народен одбор, односно Советот за култура на НРМ.

Член 51

Поблиски прописи за спроведувањето на овој закон донесува Советот за култура на НРМ.

Член 52

Со влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Законот за музеите („Службен весник на НРМ“ бр. 11/48).

Член 53

Овој закон влегува во сила осмиот ден по неговото објавување во „Службен весник на НРМ“.

336.

У К А З
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА БИБЛИОТЕКИТЕ

На основа член 71 точка 11 од Уставниот закон за основите на општественото и политичкото уредување и органите на власта на Народна Република Македонија, се прогласува Законот за библиотеките, што го усвои Народното собрание на Народна Република Македонија на седницата на Републичкиот собор одржана на 21 декември 1960 година.

У број 26
21 декември 1960 година
Скопје

Претседател на Народното собрание, **Лазар Колишевски**, с. р.

Претседател на Извршниот совет, **Александар Грличков**, с. р.

ЗАКОН ЗА БИБЛИОТЕКИТЕ

I ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Библиотеките се установи кои преку книгата и другиот библиотечен материјал придонесуваат за ширење на општото образование и културата и ја помагаат научната и стручната работа.

За таа цел библиотеките набавуваат, стручно обработуваат, чуваат и даваат на користење книги и друг библиотечен материјал.

Член 2

Како библиотечен материјал во смисла на овој закон се сметаат: книги, списанија, весници и други печатени, односно со механички средства умножени материјали, како и ракописи и ракописни книги.

Член 3

Библиотеки основаат Извршниот совет, народните одбори, други државни органи, установи, стопански и општествени организации и здруженија.

Член 4

Библиотеките можат да бидат основани како самостојни установи (во натамошниот текст: самостојни библиотеки) или во состав на државни органи, установи, стопански и општествени организации и здруженија (во натамошниот текст: библиотеки во состав).

Член 5

Самостојните библиотеки се организираат врз начелата на општественото управување.

Член 6

Самостојните библиотеки имаат својство на правно лице.

Член 7

Според основната намена библиотеките можат да бидат општи и специјализирани.

Општите библиотеки служат за ширење на општото образование и културата (народни библиотеки) или за потребите на сите области на науката, односно за повеќе сродни гранки на науката (научни библиотеки).

Специјализираните библиотеки служат за потребите на одредени гранки на науката, техниката, културата, просветата и друго.

Со актот за основање се одредува основната намена на библиотеката.

Член 8

Библиотеките имаат свои правила.

Член 9

Библиотеките даваат, под еднакви услови и по правило бесплатно, а во согласност со своите правила, на користење книги и друг библиотечен материјал на граѓани, државни органи, установи, стопански и општествени организации и здруженија (во натамошниот текст: корисници).

Член 10

За организирање и унапредување на библиотечната служба одредени библиотеки, покрај своите редовни задачи, вршат и други работи предвидени со овој закон (матични библиотеки).

Член 11

Политичко-територијалните единици се грижат за развивањето на библиотечната мрежа на своето подрачје и за таа цел основаат, односно го поттикнуваат и помагаат основањето и работата на библиотеките, обезбедуваат материјални средства за одржување и унапредување на библиотеките што тие ги основаат, се грижат за стручното образование и усовршување на библиотекарските кадри и го обезбедуваат вршењето на библиотечната служба.

Член 12

Службеници на библиотеки не можат да бидат сопственици на редок библиотечен материјал и одредени збирки книги, ниту можат да набавуваат такви за други лица.

Во колку службеникот имал редок библиотечен материјал и одредени збирки книги пред стапувањето на служба во библиотека, односно до влегувањето во сила на овој закон, должен е да ги пријави на управителот на библиотеката и да поднесе список на тој материјал и книги.

Член 13

За реткиот библиотечен материјал и одредени збирки книги во сопственост на поединци и граѓански правни лица важат само оние одредби од овој закон во кои тоа посебно е предвидено.

Член 14

За книгите и другиот библиотечен материјал што имаат својство или за кои основано може да се претпостави дека имаат својство на споменик на култура, важат и прописите за заштита на спомениците на културата.

За книгите и другиот библиотечен материјал што имаат својство или за кои основано може да се претпостави дека имаат својство на архивски материјал, важат и прописите за архивскиот материјал.

II. САМОСТОЈНИ БИБЛИОТЕКИ

1. Задачи и организација

Член 15

За извршување на задачите одредени со чл. 1 од овој закон, самостојните библиотеки ја популаризираат книгата и другиот библиотечен материјал и обезбедуваат услови тие да станат што подостапни на корисниците, се грижат за средувањето, пополнувањето и обновувањето на библиотечните фондови, вршат позајмување и размена на книги и друг библиотечен материјал со други библиотеки и установи и се грижат за стручното усовршување на библиотекарските кадри.

Член 16

Популаризирањето на книгите и другиот библиотечен материјал, самостојните библиотеки го остваруваат со организирање на изложби на книги и друг библиотечен материјал, литературни читања, пригодни предавања, користење на филмови и друго.

Член 17

Самостојните библиотеки стручно ги обработуваат, попишуваат и средуваат своите библиотечни фондови спрема одредбите од своите правила.

Секоја библиотека има инвентар и најмалку еден каталог (азбучен, стручен и др.) на својот библиотечен фонд.

Член 18

Самостојните библиотеки ги пополнуваат и обновуваат своите библиотечни фондови со купување, размена, примање на подароци и завештанија, како и со задолжителен примерок што одредени библиотеки го добиваат согласно со сојузни прописи и со одредбите од овој закон.

Пополнувањето, односно обновувањето на библиотечните фондови се врши во согласност со задачите и намената на библиотеката како и со културните, стручните и другите потреби на нејзините корисници.

Набавувањето на книги и друг библиотечен материјал го врши комисија формирана од управителот на библиотеката. Членови на оваа комисија можат да бидат и лица кои не се службеници на библиотеката.

Член 19

Во извршувањето на задачите, самостојните библиотеки соработуваат меѓусебно, со државни органи, установи, организации и здруженија.

Член 20

Самостојните библиотеки можат да имаат во својот состав читална.

Самостојните библиотеки можат да имаат во својот состав и подвижни библиотеки, како и читални надвор од нивното седиште.

Книги и друг библиотечен материјал за потребите на подвижните библиотеки и читалните обезбедува библиотеката во чиј состав тие се наоѓаат.

Работата на подвижните библиотеки и читалните се уредува со правилата на библиотеката од претходниот став.

Член 21

Општите — народни библиотеки имат во својот состав и детско одделение.

Детски библиотеки можат да се основаат и како самостојни библиотеки.

Член 22

Правилата на самостојната библиотека содржат поблиски одредби за задачите, организацијата и начинот на работата и финансирањето, а особено за условите на користењето, начинот на обработувањето и чувањето на библиотечниот фонд, работењето и куќниот ред на библиотеката, како и составот и овластувањата на органите на управувањето.

Библиотеки, со развиена внатрешна организација, можат своето работење и куќниот ред да го пропишат со посебен деловник што го донесува управителот на библиотеката.

Член 23

Правилата на самостојната библиотека ги донесува советот на библиотеката.

2. **Основање и престанок**

Член 24

Самостојна библиотека можат да основаат и заеднички два или повеќе основачи.

Основачите ги регулираат со договор меѓусебните односи и своите права и обврски кон библиотеката, а особено начинот на вршење правото на основач и обврските за финансирање на библиотеката.

Член 25

Стопанските и другите организации, установи и здруженија основаат самостојна библиотека по претходно одобрение од советот надлежен за работите на културата на народниот одбор на општината на чие подрачје се наоѓа седиштето на библиотеката.

Член 26

Самостојна библиотека може да се основа ако се обезбедени материјални средства нужни за трајна и квалитетна работа на библиотеката, основен библиотечен фонд, нужни простории и уреди и стручен библиотекарски кадар.

Член 27

Основањето и престанокот со работа на самостојна библиотека се запишува во регистарот што го води органот на управата надлежен за работите на културата на народниот одбор на општината на чие подрачје се наоѓа нејзиното седиште.

Со регистрацијата самостојната библиотека здобива својство на правно лице.

Советот за култура на НРМ води евиденција на регистрираните библиотеки на основа пријавата што ја поднесува органот од став 1 на овој член.

Член 28

Акт за престанок со работа на самостојна библиотека донесува основачот по претходно прибавено мислење на советот на библиотеката што престанува со работа и надлежниот совет за работите на културата.

Член 29

Во случај самостојна библиотека да престане со работа правото на користење на нејзиниот библиотечен фонд се пренесува на друга библиотека.

Основачите на библиотеките од претходниот став со договор ги утврдуваат условите под кои ќе се врши пренесувањето на библиотечниот фонд.

Во случај основачите да не заклучат таков договор, или кога тоа го бара општествениот интерес за пренесување правото за користење на библиотечниот фонд одлучува советот надлежен за работите на културата на народниот одбор на општината односно околијата на чие подрачје се наоѓа седиштето на библиотеката што престанува со работа.

Член 30

Самостојни библиотеки можат да се соединат врз основа на договор заклучен меѓу нивните основачи, по претходно прибавено мислење на советите на библиотеките што се соединуваат и советот надлежен за работите на културата на народниот одбор на општината односно околијата на чие подрачје се наоѓаат библиотеките.

Со договорот од претходниот став се одредува начинот на ликвидирањето на правата и обврските на библиотеките што се соединуваат, како и преземањето на правата и обврските на основачот.

3. Заштита и користење на библиотечните фондови

Член 31

Самостојните библиотеки се должни грижливо да го чуваат библиотечниот фонд и да го обезбедуваат од секаква штета, преземајќи соодветни мерки за неговото одржување и трајно користење.

Член 32

Со правилата на библиотеката може да се предвиди и плаќање на надоместок за вршење одделни услуги од страна на библиотеката (доставување книги на користење, микрофилмување, изработување на библиографски информации и сл.).

Член 33

Корисниците на библиотечните фондови се должни грижливо да ги чуваат книгите и другиот библиотечен материјал и да ги вратат во истата состојба во која ги примиле.

Во случај корисникот да ја оштети, уништи или да не ја врати во одреден рок книгата или другиот библиотечен материјал, должен е да ја надомести штетата. При утврдувањето на висината на надоместокот се зема предвид и посебната вредност на оштетениот библиотечен материјал.

Со правилата на самостојната библиотека може да се предвиди и ограничување правото на користење на библиотечниот фонд на одредено време на оние лица кои не ги чуваат книгите и другиот библиотечен материјал, ги оштетуваат или не се придржуваат за правилата и куќниот ред на библиотеката.

Член 34

Во случај корисникот да ја оштети, уништи или да не ја врати книгата или другиот библиотечен материјал, самостојната библиотека може да предложи судот да издаде против корисникот платен налог за надоместок на штетата.

Библиотеката е должна да поднесе со овој предлог и записник од комисиска проценка на штетата.

Стручната комисија, што ја врши проценката, се состои од три члена што ги именува управителот на библиотеката.

Член 35

Платни налози во смисла на одредбите од претходниот член можат да се издадат ако паричниот износ, за кој се предлага издавање на платен налог, не ја преминува сумата од 10.000 динари.

Во однос на барањата за издавање платни налози важат одредбите за издавање платни налози во паричната постапка.

Член 36

Библиотеките повремено вршат ревизија на библиотечниот фонд спрема одредбите на своите правила.

Општите народни библиотеки се должни да вршат ревизија на својот библиотечен фонд најмалку еднаш во три години.

Книгите за кои се констатира дека се дотрајани или исчезнати а не може да се утврди кој е одговорен за тоа, ќе се расходуваат според постојните прописи.

Ревизијата ја врши комисија што ја именува управителот на библиотеката.

Член 37

Секое печатарско или друго претпријатие, односно установа на територијата на НР Македонија што печатат или со други средства умножуваат книги или други печатени работи, должни се покрај задолжителните примероци одредени со сојузни прописи, а под условите предвидени со тие прописи, да ѝ доставуваат уште по два задолжителни бесплатни примероци на Народната и универзитетска библиотека во Скопје.

Секое печатарско претпријатие е должно на матичната библиотека од својата политичко-територијална единица да ѝ достави по еден задолжителен бесплатен примерок од книгите и другите поважни работи што тоа ги печати.

Член 38

Ако печатена или на друг начин умножена книга или друга печатена работа не е изработена од претпријатието или установата од претходниот член или печатењето, односно умножувањето е извршено надвор од НР Македонија за сметка на домашниот издавач, обврската за доставување на задолжителен примерок е должен да ја изврши издавачот.

Член 39

Издавачките претпријатија односно установи и книжарниците се должни книгите и другиот библиотечен материјал предвиден за расходување или преработување во хартија, претходно да го понудат за продавање на матичната библиотека на својата политичко-територијална единица, а по цена и други услови под кои ги купуваат претпријатијата за преработка на хартија.

Матичната библиотека од претходниот став е должна во рок од 30 дена од примањето на понудата да го извести понудувачот дали ја прифаќа понудата.

Понудата може наместо матичната библиотека да ја прифати секоја друга библиотека во ист рок и под исти услови.

По истечувањето на овој рок понудувачот може со понудените книги и другиот библиотечен материјал да располага како со материјал за преработка.

4. Управување

Член 40

Со самостојните библиотеки управува совет и управител.

Член 41

Советот на самостојна библиотека го сочинуваат:

— членови што ги именува основачот од редот на граѓаните кои со својата работа ќе можат да придонесат за извршувањето на задачите на библиотеката;

— членови што ги делегираат заинтересираните органи, установи, организации и здруженија и

— членови што ги избира колективот на библиотеката од редот на службениците и работниците, а чиј број не може да биде поголем од една третина од вкупниот број на членовите на советот.

Во советот на самостојна библиотека основана од установа, стопанска или друга организација, влегуваат и лица што ги именува општинскиот собор на народниот одбор на општината на чие подрачје се наоѓа нејзиното седиште.

Во советот на матична библиотека влегуваат и лица што ги делегираат самостојните библиотеки од нејзиното подрачје.

Во советот на самостојна библиотека која има читални надвор од своето седиште основачот на библиотеката именува и лица од подрачјето на кое тие делуваат.

Управителот на самостојната библиотека е член на советот по службено место.

Членовите на советот се именуваат на две години.

Член 42

Со правилата на самостојната библиотека се одредува вкупниот број на членовите на советот и бројот на членовите кои се именуваат односно делегираат и избираат, како и органите, установите и организациите кои делегираат свои претставници во советот на библиотеката.

Член 43

Советот на самостојна библиотека ги врши особено следните работи:

— се грижи за успешното извршување задачите на библиотеката а особено за обезбедување на потребните услови за работа на библиотеката и ускладување на нејзината работа со потребите на корисниците на библиотечниот фонд;

— донесува правила на библиотеката;

— донесува финансиски план и завршна сметка на библиотеката;

— го утврдува годишниот план за работа на библиотеката;

— го претресува годишниот извештај на библиотеката;

— дава препораки и општи смерници за работа на управителот на библиотеката и го следи нивното извршување;

— именува стручен совет на библиотеката;

— разгледува претставки и предлози на граѓаните во врска со работата на библиотеката;

— распишува конкурс за пополнување на работните места и врши избор на раководители на внатрешни организациони единици;

— врши и други работи ставени во негова надлежност со други прописи и правилата на библиотеката.

Член 44

Управителот на самостојна библиотека го назначува основачот според одредбите на Законот за јавните службеници.

Управителот на библиотеката за својата работа одговара пред основачот и советот на библиотеката.

Советот за култура на НРМ може да ги пропише условите што во поглед на спремата треба да ги исполнува управителот на самостојната библиотека.

Член 45

Управителот на самостојна библиотека ги врши особено следните работи:

— ја организира и непосредно раководи со работата на библиотеката;

— ја претставува и ја застапува библиотеката пред трети лица;

— подготвува годишен план и извештај за работата на библиотеката;

— донесува решенија за назначување на службениците и го назначува помошниот персонал;

— донесува решенија за службеничките и работните односи на службениците и работниците на библиотеката;

— се грижи за пополнување, односно обновување на библиотечниот фонд и неговото правилно чување и користење;

— се грижи за стручното усовршување на службениците на библиотеката;

— се грижи за извршувањето на овој закон и други прописи што се однесуваат на библиотеката, како и за законитоста во работењето на библиотеката;

— врши и други работи што му се ставени во надлежност со овој закон и други прописи, како и со правилата на библиотеката.

Управителот е непосреден дисциплински старешина на службениците и работниците од библиотеката.

Член 46

Управителот на самостојна библиотека привремено ќе го запре извршувањето на заклучоците на советот донесени во работи во вонуправна постапка за кои смета дека се во спротивност со прописите или правилата на библиотеката.

Запрените заклучоци му се доставуваат на конечно одлучување на органот кој врши надзор над работата на библиотеката.

Ако овој орган не донесе решение во рок од 30 дена од денот на доставувањето на запрениот заклучок, се смета дека запирањето од извршување е укинато.

Член 47

За разгледување на поважни прашања во врска со стручната работа на библиотеките, во самостојните библиотеки можат да се образуваат стручни совети.

Во стручниот совет можат да се именуваат и стручни лица кои не се службеници на библиотеката, а можат да придонесат за успешното решавање на работите од делокругот на стручниот совет.

Составот и начинот на работата на стручниот совет се пропишуваат со правилата на библиотеката.

5. **Финансирање**

Член 48

Самостојните библиотеки се финансираат според општите прописи за финансирање на самостојните установи.

Приходи на библиотеките можат да бидат: сопствени приходи (членарина, надоместок за извршени услуги и друго), подароци, завештанија и дотации.

Член 49

Средствата за работа на матичните библиотеки нужни за организирање и унапредување на библиотечната служба, ги обезбедува основачот.

Член 50

Два или повеќе органи, установи, организации и здруженија можат да се договорат заеднички да финансираат една или повеќе самостојни библиотеки.

Соучесниците во финансирањето со договор ќе ги одредат меѓусебните права и обврски.

III МАТИЧНИ БИБЛИОТЕКИ

Член 51

Стручните работи во врска со организирањето и унапредувањето на библиотечната служба за подрачје на општина, односно за територијата на Републиката ги врши одредена библиотека како матична библиотека.

Член 52

Работите на матична библиотека за територијата на Републиката ги врши Народната и универзитетска библиотека во Скопје како Централна матична библиотека.

Работите на матична библиотека за подрачје на општина ги врши библиотеката што ќе ја одреди општинскиот собор на народниот одбор од своето подрачје.

Советот за култура на НРМ може, по претходно прибавено мислење од централната матична библиотека, вршењето на одделни работи од делокругот на Централната матична библиотека да го довери и на други библиотеки во согласност со нивните основачи.

Член 53

Матичните библиотеки, покрај редовните задачи, ги вршат и следните работи:

— ја проучуваат состојбата, потребите и условите за развитокот на библиотечната мрежа на своето подрачје, како и прашањата за организацијата и унапредувањето на библиотеките и даваат мислења и предлози до надлежните органи;

— вршат стручен надзор над работата на библиотеките од своето подрачје;

— укажуваат стручна помош на библиотеките;

— се грижат за усовршување на библиотекарските кадри преку школување, курсеви, семинари, примање на стаж и сл.;

— организираат погодни форми за соработка меѓу библиотеките, особено во врска со набавувањето, каталогизацијата, позајмувањето и размената на книги и друг библиотечен материјал;

— водат евиденција за библиотеките;

— се грижат за правилно применување техничко-заштитни мерки на библиотечните фондови.

Односите на матичните библиотеки се засновуваат на меѓусебна соработка и помош.

Член 54

Централната матична библиотека, покрај работите од претходниот член:

— врши стручен надзор над работата на матичните библиотеки;

— предлага донесување прописи за техничко-заштитни мерки за чување и одржување на книгите и другиот библиотечен материјал, како и други прописи што се однесуваат на библиотеките;

— води централен каталог на книги и друг библиотечен материјал;

— изработува национална библиографија;

— води евиденција на ретките библиотечен материјал;

— врши конзервација и реставрација на библиотечниот материјал;

— врши и други работи предвидени со овој закон, други прописи и со нејзините правила.

Советот за култура на НРМ ќе донесе поблиски прописи за начинот на водењето централен каталог.

IV РЕДОК БИБЛИОТЕЧЕН МАТЕРИЈАЛ

Член 55

Како редок библиотечен материјал, во смисла на овој закон се смета, освен библиотечниот материјал што по прописите за заштита на спомениците на културата има својство на споменик на културата; и

— првите изданија на книгите печатени на јазиците на нашите народи до крајот на XIX век;

— книги и друг библиотечен материјал од посебна вредност што се однесуваат на просветната, културната, економската и политичката историја на Македонија печатени до крајот на 1946 година.

Советот за култура на НРМ ќе одреди со посебни прописи кои книги и друг библиотечен материјал ќе се смета како материјал од посебна вредност во смисла на претходниот став.

Член 56

Народната и универзитетска библиотека во Скопје врши микрофилмување на ретките библиотечен материјал.

Член 57

За да се зачува ретките библиотечен материјал, со правилата на библиотеката може да се ограничи неговото користење. Со правилата на библиотеката можат да се предвидат и посебни услови за користење на ретките библиотечен материјал.

Член 58

Секој поединец и правно лице, орган, установа, организација и здружение, кои прибаваат редок библиотечен материјал по било кој основ, должни се да го пријават за евиденција кај Народната и универзитетска библиотека во Скопје во рок од 30 дена од неговото прибавување.

Член 59

Имателот на редок библиотечен материјал е должен да се придржува кон одредбите од овој закон за чување на библиотечниот материјал.

Имателот е должен да го овозможи користењето на ретките библиотечен материјал за научни цели и публикување на лица овластени од надлежна научна институција (факултет, институт и сл.).

Имател на редок библиотечен материјал заинтересиран за неговото научно обработување и публикување има првенствено право, во рок од пет години, сметано од денот на пријавувањето, да го обработи и публикува ретките библиотечен материјал.

Член 60

Имател на редок библиотечен материјал во смисла на овој закон се смета секој поединец или правно лице, орган, установа, организација или здружение кој има сопственост, владеење или право на управување или по било кој друг основ држи редок библиотечен материјал.

Член 61

Библиотеките имаат првенствено право на купување редок библиотечен материјал и одредени збирки книги во сопственост на поединци, општествени организации и граѓански правни лица.

Поединците, општествените организации и граѓанските правни лица се должни во случај на продажба на редок библиотечен материјал или одредени збирки книги да ја известат матичната библиотека за подрачјето на кое се наоѓа нивното пребивалиште, односно седиште или централната матична библиотека за цената и другите услови под кои ги продаваат.

За примената понуда од претходниот став, матичната библиотека е должна веднаш да ја извести Централната матична библиотека.

Ако матичната, централната матична или некоја друга заинтересирана библиотека не изјави во рок од 60 дена дека ќе го користи правото од став 1 на овој член, поединецот, општествената организација и граѓанското правно лице можат да го продадат овој материјал на друго лице, но не по пониска цена и под поповолни услови од условите што им се понудени на библиотеките од овој став.

Библиотеките од претходните ставови имаат првенствено право на купување и во случај на присилна продажба на редок библиотечен материјал или одредени збирки книги и тоа по цената што е утврдена со проценката во постапката за присилна продажба.

Органот што ја спроведува постапката за присилна продажба на редок библиотечен материјал или одредени збирки книги во граѓанска сопственост е должен да ги извести библиотеките од став 2 на овој член дека е одредена присилна продажба.

Член 62

Советот за култура на НРМ ќе пропише за кои збирки книги библиотеките имаат првенствено право на купување.

Ако за купување редок библиотечен материјал или одредени збирки книги се заинтересирани две или повеќе библиотеки, Советот за култура на НРМ ќе одлучи која од нив има првенствено право на купување по иста цена и исти услови.

Член 63

Ако поединец, општествена организација или граѓанско правно лице продаде редок библиотечен материјал или одредени збирки книги без да ги извести претходно библиотеките од член 61 на овој закон, секоја библиотека има право со тужба против продавачот и купувачот да бара поништување на договорот за продажба во рок од една година од денот кога разбрале за неговото склучување.

Во случај на поништување на договорот престануваат правата на купувачот и на третите лица со кои тие се здобиле врз реткиот библиотечен материјал или одредени збирки книги по склучувањето на поништениот договор, без оглед на тоа дали здобивачот бил совесен.

Библиотеките од член 61 на овој закон имаат право да бараат поништување на овој договор и кога поединец, општествена организација и граѓанско правно лице продаде редок библиотечен материјал или одредена збирка книги пред изминување на рокот од 60 дена или по изминување на овој рок но по пониска цена и под поповолни услови од цената и условите изнесени во известието за продажбата.

Библиотеките од член 61 на овој закон можат да бараат поништување на договор за продажба на редок библиотечен материјал или одредени збирки книги и кога договорот е заклучен во вид на подарок или кога износот на цената или некој друг услов во договорот е привиден а фактичките услови на договорот даваат право на поништување според одредбите од претходните ставови на овој член.

Член 64

Редок библиотечен материјал не може да се изнесува ниту извезува во странство.

По исклучок, одделен редок библиотечен материјал може да се изнесе, односно да се извезе во странство со дозвола на Советот за култура на НРМ.

Член 65

Реткиот библиотечен материјал не може да биде расходуван.

V ПРАВА И ДОЛЖНОСТИ НА СОВЕТИТЕ И НА ОРГАНИТЕ НА УПРАВАТА

Член 66

Советите надлежни за работите на културата на народните одбори и Советот за култура на НРМ во својот делокруг ги вршат особено следните работи:

— ги претресуваат прашањата од општ интерес за работата на библиотеките и прашањата во врска со организирањето и унапредувањето на библиотечната служба;

— се грижат за обезбедување материјални средства нужни за работа на библиотеките и за таа цел му даваат предлози на основачот на библиотеката;

— се грижат за применување на прописите за библиотеките;

— даваат препораки за работењето на библиотеките;

— се грижат за систематското стручно образование на библиотекарските кадри;

— вршат и други работи одредени со овој закон и други прописи.

Член 67

Органите на управата надлежни за работите на културата на народните одбори на општините:

— вршат надзор над законитоста на работата на библиотеките;

— водат регистар на библиотеките;

— вршат и други управни работи во областа на библиотечната служба, доколку одделни работи не се ставени во надлежност на други органи и установи.

Надзор над законитоста на работата на Народната и универзитетска библиотека во Скопје врши Секретаријатот на Советот за култура на НРМ.

Член 68

Во вршењето правото на надзор над законитоста, органите од претходниот член имаат право да бараат од управителот на библиотеката податоци за работата на библиотеката.

Ако надлежниот орган на управата утврди дека органите на управувањето на библиотеката не се придржуваат кон прописите, е должен да им обрне внимание на несогласноста на нивната работа со прописите и на нивните обврски што произлегуваат од прописите.

Во вршењето на овој надзор надлежниот орган на управата може да го запре од извршување секој акт на органите на управувањето на библиотеката, донесен во вонуправната постапка, ако е спротивен на законот, другите прописи или правилата на библиотеката до одлучувањето, односно до неговото укинување или поништување од страна на соодветниот совет надлежен за работите на културата.

Надлежниот совет е должен да донесе решение по запрениот акт во рок од 30 дена од денот на доставувањето.

Член 69

Секретарот на Советот за култура на НРМ може да донесува задолжителни стручни упатства за работата на библиотеките.

VI БИБЛИОТЕКИ ВО СОСТАВ НА ДРЖАВНИ ОРГАНИ, УСТАНОВИ, СТОПАНСКИ И ОПШТЕСТВЕНИ ОРГАНИЗАЦИИ И ЗДРУЖЕНИЈА

Член 70

Во однос на управувањето со библиотека во состав на државен орган, установа, организација или здружение се применуваат прописите што ја уредуваат организацијата и работата на државниот орган, установата и организацијата, односно здружението во чиј состав се наоѓа библиотеката.

Организацијата и начинот на работата на библиотеките во состав ги пропишува основачот.

Член 71

Одредбите од овој закон што се однесуваат на задачите на библиотеките, чувањето, одржувањето, заштитата и користењето на библиотечните фондови, сходно ќе се применуваат на библиотеките во состав.

Во случај Советот за култура на НРМ вршењето на одделни работи од делокругот на централната матична библиотека да го довери на библиотека во состав, на работите од таа библиотека сходно се применуваат одредбите од член 54 од овој закон.

Член 72

Библиотеките во состав, што имаат библиотечен фонд поголем од 1.000 книги и списанија, се пријавуваат за евиденција кај органот на управата надлежен за работи на културата на народниот одбор на општината на чие подрачје се наоѓа библиотеката.

Член 73

Начинот и условите на користењето на библиотечниот фонд на библиотека во состав ги пропишува старешината, односно највисокиот орган на управување на установата, организацијата и здружението во чиј состав се наоѓа библиотеката.

Со прописите од претходниот став може да се одреди библиотечниот фонд првенствено да го користат одреден круг корисници, а можат да се пропишат и услови под кои можат да го користат и други корисници.

Со овие прописи не може да се ускрати правото на користење на библиотечен фонд за научна работа, освен ако со тоа би можела да се наруши воена или службена тајна.

Член 74

Ако државен орган, установа, организација или здружение укинат библиотека во својот состав, должни се правото на користење на библиотечниот фонд да го пренесат на самостојна библиотека или на библиотека во состав на друг државен орган, установа, организација или здружение што имаат библиотечен фонд од сличен вид.

Условите за пренесување правото на користење на библиотечниот фонд од претходниот став се одредуваат со договор меѓу основачите на овие библиотеки.

Член 75

Советот за култура може, ако тоа го бара општествениот интерес, да одреди кои библиотеки во состав ќе ги применуваат во целост одредбите од овој закон што се однесуваат на користење на библиотечните фондови, на управувањето и надзорот над работата на самостојните библиотеки.

Ова решение се донесува по претходно прибавено мислење од државниот орган, установата, организацијата или здружението.

VII КАЗНЕНИ ОДРЕДБИ

Член 76

Печатарско и издавачко претпријатие, односно установа кои во рок од еден месец не достават задолжителен примерок на одредената библиотека ќе се казнат за прекршок со парична казна до 100.000 динари.

За прекршок од претходниот став ќе се казни и одговорното лице во претпријатието односно установата со парична казна до 20.000 динари.

Член 77

Издавачките и печатарските претпријатија, односно установите и книжарниците кои расходуваат книги или даваат на преработка книги и друг библиотечен материјал, а претходно не ги предложиле на продавање на соодветната библиотека ќе се казнат за прекршок со парична казна до 100.000 динари.

За прекршок од претходниот став ќе се казни и одговорното лице во препријатието, установата, односно книжарницата со парична казна од 20.000 динари.

Член 78

Лицето кое оштети или уништи редок библиотечен материјал, како и лице кое изнесе или извезе редок библиотечен материјал во странство без дозвола на надлежниот орган ќе се казни за прекршок со парична казна до 50.000 динари.

За прекршок од претходниот став, како и за расходување на редок библиотечен материјал ќе се казни организацијата, здружението, установата и граѓанското правно лице со парична казна до 100.000 динари, а одговорното лице во организацијата, здружението, установата и граѓанското правно лице со парична казна до 50.000 динари.

Член 79

Лице кое во одреден рок на пријави редок библиотечен материјал на одредената библиотека ќе се казни за прекршок со парична казна до 20.000 динари а органот, установата, организацијата, здружението и граѓанското правно лице со парична казна до 50.000 динари.

Член 80

Лице кое го запоставува чувањето и одржувањето на реткиот библиотечен материјал ќе се казни за прекршок со парична казна до 20.000 динари, а установата, организацијата, здружението и граѓанското правно лице со парична казна до 100.000 динари.

Член 81

Лице кое продаде редок библиотечен материјал а претходно не ја извести соодветната библиотека или материјалот го продаде пред истекот на одредениот рок за користење на првенствено право на купување од страна на библиотеката, односно по истекот на овој рок но по пониска цена и под поповолни услови од цената и условите изнесени во известието за продажба, ќе се казни за прекршок со парична казна до 20.000 динари, а општествената организација, здружението и граѓанското правно лице со парична казна до 100.000 динари.

За прекршок од претходниот став ќе се казни и одговорното лице во општествената организација, здружението, односно граѓанското правно лице со парична казна до 10.000 динари.

VIII ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 82

Постојните библиотеки ќе ја сообразат својата организација и работа со одредбите на овој закон во рок од една година од неговото влегување во сила.

Член 83

До донесувањето на правилата на самостојните библиотеки, Советот за култура на НРМ односно советите надлежни за работите на културата на надлежните народни одбори ќе го одредат вкупниот број на членовите на советот на библиотеката кои се именуваат, односно делегираат и избираат, како и органите, установите и организациите кои делегираат свои претставници во советот на библиотеката.

Член 84

Ако на подрачјето на народниот одбор на една општина не постои ниедна самостојна библиотека, народниот одбор е должен во рок од една година од влегувањето во сила на овој закон да основа најмалку една таква библиотека.

Општинскиот собор на народниот одбор во рок од една година од влегувањето во сила на овој закон ќе одреди која библиотека од подрачјето на општината ќе ги врши работите на матичната библиотека.

Додека не се одреди матична библиотека од претходниот став, работите од матична библиотека ќе ги врши централната матична библиотека или библиотеката што таа ќе ја одреди во согласност со нејзиниот основач.

Член 85

Ако основачот на постојна самостојна библиотека не постои или не е познат, за основач се смета државниот орган, установата, или организацијата која редовно обезбедува средства за нејзината работа.

Член 86

Имателите на редок библиотечен материјал се должни овој материјал да го пријават за евиденција кај Народната и универзитетска библиотека во Скопје во рок од шест месеци од влегувањето во сила на овој закон.

Член 87

Поблиски прописи за спроведување на овој закон ќе донесе Советот за култура на НРМ.

Член 88

Овој закон стапува во сила осмиот ден од неговото објавување во „Службен весник на НРМ".

337.

У К А З
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА НА ПРИРОДНИТЕ РЕТКОСТИ

На основа член 71 точка 11 од Уставниот закон за основите на општественото и политичкото уредување и органите на власта на Народна Република Македонија, се прогласува Законот за заштита на природните реткости, што го усвои Народното собрание на Народна Република Македонија на седницата на Републичкиот собор одржана на 21 декември 1960 година.

У број 27
21 декември 1960 година
Скопје

Претседател на Народното собрание, **Лазар Колишевски**, с. р.

Претседател на Извршниот совет, **Александар Грличков**, с. р.

З А К О Н
ЗА ЗАШТИТА НА ПРИРОДНИТЕ РЕТКОСТИ

I ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Според одредбите на овој закон се стават под заштита движни и недвижни делови на живата и неживата природа (во натамошниот текст: природни реткости) кои поради својата научна, историска, просветна и културна вредност или поради својата особена природна убавина се од значење за општествената заедница.

Одредбите на Општиот закон за заштита на спомениците на културата во поглед правото на првенствено купување и административниот пренос на правото за користење сходно ќе се применуваат и на природните реткости установени со овој закон.

Член 2

Природните реткости предвидени со овој закон се заштитени без оглед дали се во општествена или граѓанска сопственост и дали се регистрирани.

Член 3

Целта на заштитата е да се обезбедат услови природните реткости според својата намена и значење да служат за материјалните и културните потреби на заедницата, за што се преземаат мерки:

— да се зачуваат природните реткости во изворна природна состојба;

— да се создаваат што поповолни услови за одржување на природните реткости и за нивниот развиток;

— да се попречат секакви дејства кои непосредно или посредно можат да ја изменат состојбата и развитокот на природните реткости;

— да се регулира односот на човекот кон природните реткости за да се обезбеди нивното трајно користење.

Член 4

Природни реткости во смисла на овој закон се:

1. просторно ограничени природни подрачја (општи природни резервати);

2. одделни растителни и животински видови надвор од резерватите и нивните заедници (биоценози);

3. споменици на природата;

4. предели со особена природна убавина;

5. предели на природата од историско значење;

6. хортикултурни објекти и арборетуми.

Член 5

Службата заштита на природните реткости ја вршат заводите за заштита на природните реткости (во натамошниот текст: заводи) доколку одделни работи на оваа служба со овој закон или други прописи не се ставени во надлежност на државен орган или установа.

Заводите се самостојни установи организирани врз начелата на општественото управување.

Член 6

За изведување на работите за конзервацијата на природните реткости можат да се основаат лаборатории организирани како самостојни установи.

Член 7

Со чување, проучување и стручно одржување на одделни природни реткости, како и со создавање услови овие реткости да служат за задоволување на научните и културните потреби на заедницата се занимаваат и посебни установи (музејски, научни и други установи) што се организираат врз начелата на општественото управување.

Член 8

Во областа на заштитата на природните реткости Извршниот совет и народните одбори основаат заводи, се грижат за обезбедување на материјални средства за вршење на службата за заштита на природните реткости, за образование и усовршување на кадрите за заштита на природните реткости и вршат други права и должности определени со овој закон или друг пропис.

Член 9

За што поцелосно вклучување на заинтересираните општествени организации и граѓани во заштитата на природните реткости како и за што поправилно спроведување на оваа заштита, за една или повеќе природни реткости, кои се од особено значење за општествената заедница, можат да се образуваат одбори како органи на општествено управување на кои им се доверува вршењето на одделни работи во врска со заштитата на природните реткости.

Член 10

Вршењето на одредени работи во врска со грижата за чување и правилно одржување на една или повеќе природни реткости во општествена сопственост може да се довери на одделни здруженија и општествени организации, што имаат за задача да се грижат за заштитата на природните реткости и слично.

Член 11

Во спроведувањето на заштитата на природните реткости Извршниот совет, народните одбори и установите за заштита на природните реткости се потпираат врз соработката на имателите на природните реткости, на државните органи, заинтересираните установи, стопанските и општествените организации и граѓаните, го поттикнуваат нивниот интерес за што подобро чување и одржување на природните реткости, како и нивната соработка во утврдувањето на предметите што се ставаат под заштита со одредбите на овој закон.

Член 12

Имател на природна реткост во смисла на овој закон, се смета секој поединец или правно лице, орган, установа, здружение или друга организација што има сопственост, владеење или право на управување или по било кој друг основ ја држи природната реткост.

Член 13

Природни реткости, кои се извадени од земја или од вода или се најдени при истражување и ископување по 31 јули 1945 година, се сметаат за општествена сопственост.

Ако работите од претходниот став не се вршени со општествени средства, на наоѓачот му припаѓа парична награда од страна на установата, органот или организацијата на која таквата природна реткост и се дава на користење.

Висината на наградата од претходниот став ја одредува установата, органот или организацијата по претходно прибавено мислење од Републичкиот завод за заштита на природните реткости (во натамошниот текст: Републички завод).

Ако приватно лице полага право на сопственост на изваденатa или најденатa природна реткост, органот на управата надлежен за работите на заштитата на природните реткости на општинскиот народен одбор ќе ја преземе природната реткост на управување до утврдувањето правото на сопственост.

Член 14

Ако имателот на природната реткост не е познат, до одредувањето на органот, установата или организацијата на која ѝ се дава правото на користење на природната реткост, односно до утврдувањето на сопственоста, органот на управата надлежен за работите за заштита на природните реткости на општинскиот народен одбор се грижи и за чувањето и одржувањето на природната реткост.

Член 15

На јавноста ѝ е достапна научната и стручната документација за природните реткости, со кои располагаат заводите.

Член 16

Службениците на установите за заштита на природните реткости и на установите што се занимаваат со нивното чување, стручно одржување и проучување не можат за своја сметка или за сметка на други лица на набавуваат природни реткости и предмети за кои основано може да се претпостави дека имаат својство на природни реткости.

Доколку службеникот имал природни реткости пред стапувањето во служба, односно до влегувањето во сила на овој закон, должен е да ги пријави на директорот на установата и да поднесе список на истите како и на предметите за кои основано може да се претпостави дека има својство на природни реткости.

Член 17

Имателите на природни реткости се ползуваат со даночни, царински и други олеснувања предвидени со посебни прописи.

II ВИДОВИ НА ПРИРОДНИ РЕТКОСТИ

Член 18

Општи природни резервати се просторно ограничени природни подрачја, кои се одликуваат со особена изворност и кои заради општ интерес се изземаат од неконтролираната интервенција на човекот.

Општи природни резервати можат да бидат:

а) строги природни резервати;

б) усмерување природни резервати;

в) национални паркови.

Член 19

Строгите природни резервати се просторно ограничени природни подрачја во кои се забранува вршењето на било какви дејства, што можат да ја попречат оволуцијата на природата.

По исклучок, во строгите природни резервати можат, со дозвола на Републичкиот завод, да се вршат нагледувања за научни цели.

Член 20

Усмеруваните природни резервати се просторно ограничени природни подрачја во кои научно се надгледува и усмерува еволуцијата на природата.

Во усмеруваните природни резервати можат со дозвола на Републичкиот завод, да се преземаат одгледувачки мерки и други дејства со кои нема да биде повредена карактеристиката на таквиот резерват.

Член 21

Националните паркови се поголеми просторно ограничени подрачја со многубројни природни убавини и кои служат за одмор и рекреација.

Во националните паркови можат да се вршат одредени интервенции што се во согласност со нивната намена, како и мерки за заштита на одредени природни реткости што се наоѓаат на нивното подрачје.

Работите од претходниот став се преземаат во согласност со Републичкиот завод.

Член 22

Општите природни резервати се прогласуваат со закон.

Со општите природни резервати се управува врз начелата на општественото управување.

Член 23

Одделни растителни и животински видови, како и легала, гнезда и развојни облици (јајца, ларви, младунчиња) на животинските видови мо-

жат да се заштитуваат надвор од резерватите, доколку нивната заштита не е регулирана со други прописи.

Покрај одредени растителни и животински видови, можат да се заштитат и нивните заедници (биоценози).

Подрачјата на кои се наоѓаат таквите заедници можат да се заштитат и како специјални резервати: ботанички, зоолошки, орнитолошки и сл.

Член 24

Растителните видови од претходниот член не смеат да се откорнуваат, оштетуваат или уништуваат, а животинските видови не смеат да се вознемируваат, прогонуваат или убиваат.

Легалата и гнездата на заштитените животни, како и нивните развојни облици не смеат да се отстрануваат, оштетуваат или уништуваат.

По исклучок, собирање на заштитени растенија и нивни делови, фаќање и убивање на заштитени животни и развојни облици може да се врши само за научни истражувања и на основа претходна дозвола од Републичкиот завод.

Член 25

Споменици на природата се такви природни реткости кои поради својот специфичен карактер, независно од карактерот на средината во која се наоѓаат, имаат научна, културна, просветна, историска или естетска вредност.

Како споменици на природата се сметаат особено:

— географски, геолошки, палеонтолошки, геоморфолошки објекти и појави во природата; (формации на карпи, геолошки слоеви, групации на минерални и кристални, извори, водопади, езера, реки, пештери и слично);

— ретки осамени или група примероци од растителниот свет и ретки минерали.

Во интерес на заштитата на спомениците на природата може да се пропише посебен режим за нивната најнепосредна околина.

Член 26

Својството на природните реткости заштитени во смисла на член 23 и 25 од овој закон го утврдува Републичкиот завод.

Член 27

Предели со особена природна убавина се помали подрачја што се одликуваат со своевиден панорамски изглед (парк-шуми, крајбрежни подрачја, видиковци и слично).

Режимот на овие предели се одредува во согласност со нивната основна намена.

Пределите со особена природна убавина ги прогласува народниот одбор на општината.

Член 28

Предели на природата од историско значење се просторно ограничени подрачја, кои имаат историска важност за општествената заедница.

Пределите на природата од историско значење ги прогласува претставничкиот орган на заинтересираната политичко-територијална единица.

Член 29

Како хортикултурни објекти се сметаат: паркови, дворедн и слично.

Како арборетуми се сметаат ограничени подрачја насадени со домашни или егзотични растителни видови.

Хортикултурните објекти и арборетумите ги прогласува претставничкиот орган на заинтересираната политичко-територијална единица.

Член 30

Прогласувањето на природните реткости се врши во претходно прибавено мислење од Републичкиот завод.

III ОБВРСКИ И ПРАВА НА ИМАТЕЛИТЕ НА ПРИРОДНИТЕ РЕТКОСТИ

Член 31

Секој имател на природна реткост, како и имателите на објекти за кои основано може да се претпостави дека имаат својство на природна реткост, се должни да ги пријават на надлежниот завод или на органот на управата надлежен за работите на заштитата на природните реткости на народниот одбор на општината, на чие подрачје се наоѓаат (во натамошниот текст: општински орган на управата).

Органот на управата од претходниот став без одлагање ќе му ја достави пријавата на надлежниот завод, а на подносителот на пријавата ќе му издаде писмена потврда за применета пријава.

Имателите на природните реткости ќе постапат според одредбите на став 1 и во однос на сите промени што ќе настанат на природните реткости по нивното пријавување, како и правните промени во врска со нив.

Член 32

Имателот на природната реткост е должен внимателно да ја чува и правилно да ја одржува, како и на време да ги презема и извршува сите мерки нужни за заштита.

Трошоците настанати во врска со чувањето и одржувањето на природната реткост и со спроведувањето на заштитните мерки ги поднесува имателот ако тие не ги надминуваат приходите и другите материјални користи што ги има од природната реткост.

Имателот на природната реткост не е должен да ги поднесува трошоците преку износот на тие приходи односно користи. Органот надлежен за работите на заштитата на природните реткости може овие трошоци да ги покрие од своите средства.

Член 33

Ако имателот на природната реткост не ја изврши навреме пропишаната мерка за заштита, чии трошоци не ги надминуваат приходите и материјалните користи што овој ги има од природната реткост, надлежниот завод ќе му определи рок во кој е должен да ја изврши таа мерка со предупредување дека во спротивно мерката ќе биде извршена на негов трошок.

Ако имателот на природната реткост ни по предупредувањето не ја изврши пропишаната мерка во определениот рок, надлежниот завод може да ја изврши таа мерка на трошок на имателот.

Член 34

Во случај на оттуѓување на одделни природни реткости во граѓанска сопственост, за чие одржување се вложени значителни општествени средства, сопственикот е должен да ѝ го надомести на заедницата износот за кој поради вложувањето на тие средства е зголемена нивната вредност.

Висината на надоместокот од претходниот став ја утврдува општинскиот орган на управата по претходно прибавено мислење од Републичкиот завод.

Член 35

Имателот на природната реткост е должен да му допушти истражување и проучување на истата за научни и стручни цели на лицето кое за тоа има одобрение од надлежниот завод.

Имателот на објект за кој се претпоставува дека треба да биде заштитен по одредбите од овој закон мора на установата или овластеното лице од надлежниот завод да му допушти објектот да го прегледа, да изврши потребни истражувања или проучувања и технички, фотографски или филмски да го сними.

Член 36

Надлежниот завод може со свое решение да му наложи на имателот на природната реткост да ја направи достапна за јавноста на начин и под условите определени со тоа решение, ако со оглед на нејзината вредност и значење тоа е нужно за задоволување на културните потреби на заедницата.

При донесувањето на решението ќе се води сметка за личната и имотната состојба на имателот, за можностите на имателот природната реткост да ја направи пристапна за јавноста, како и за трошоците што со тоа ќе настанат за имателот.

Член 37

При организирање на поголема научна или друга изложба надлежниот завод, по претходно склучен договор со имателот на природната реткост, може да му наложи да ја стави на располагање на соодветна организација, установа или орган со цел за изложување.

Организацијата, установата, односно органот што ја презема природната реткост на определено време поради изложување, ги поднесува трошоците во врска со излагањето и одговара за секоја настаната штета на природната реткост.

Член 38

За преземање на било какви дејства, што можат да предизвикаат промени на обликот или изгледот на природната реткост или да го повредат нејзиниот интегритет, нужна е претходна дозвола на надлежниот завод.

Како такви дејства се сметаат особено: конзервација, откорнување, откопување, насипување, оштетување, поништување, сечење, истребување, проредување на одреден растителен и животински вид, менување на карактерот и составот на заедницата (биоценозата), менување на составот и загадување на водата и други слични работи, како и внесување на нови растителни и животински видови во природните реткости, подигање и работа на индустриски, хидротехнички, занаетчиски и други постројки или работилишта во природните реткости или во нивната непосредна близина.

Ако за работите од претходниот став е потребна градежна или друга дозвола, оваа дозвола не може да се издаде ако не е издадена дозволата од став 1.

Претходна дозвола се издава врз основа на поднесен идеен проект и технички елаборат.

За секоја издадена дозвола се известува Републичкиот завод.

Член 39

Ако имателот на дозволата ги изведува работите од претходниот член спротивно на одобрениот проект или при изведувањето на работите не се придржува кон пропишаните и наредените заштитни мерки, заводот што ја издал претходната дозвола може со решение да ги запре понатамошните работи до обезбедувањето на услови за нивното правилно изведување.

Во случај на опасност за природната реткост дозволата може и да ја одземе.

Член 40

Ако на природната реткост со редовно користење, предвидено со одредбите од овој закон, се нанесува штета, надлежниот завод може со решение да му наложи на имателот употребата и користењето на природната реткост да се врши само на одреден начин, со кој нема да ѝ се причинува штета а може и да ја ограничи, односно забрани нејзината употреба или користење за предвидените цели ако е тоа нужно.

Член 41

Ако имателот се однесува небрежно спрема природната реткост, така што постои опасност таа да биде оштетена или уништена, па ни по предупредувањето не ги обезбеди условите за нејзиното правилно чување и стручно одржување, општинскиот орган на управата на предлог на надлежниот завод може со свое решение да определи природната реткост да му се предаде на управување на старател определен за таа цел.

Старателот е должен да ги преземе сите мерки потребни за одржување на природната реткост. Мерките што го преминуваат редовното одржување старателот може да ги преземе само по одобрение на надлежниот завод.

Во случај од претходниот став, трошоците за одржување на природната реткост што не ги надминуваат приходите или материјалните користи од неа, паѓаат на товар на имателот а привремено ги подмирува органот што го определил старателот со право на регрес од имателот на природната реткост. Трошоците што ги надминуваат редовните

приходи, односно материјалните користи од природната реткост паѓаат на товар на органот што го одредил старателот.

Органот што го одредил старателот ќе го разреши од должност ако имателот на природната реткост докаже дека обезбедил услови за нејзиното правилно и стручно одржување.

Член 42

Ако одделна движна природна реткост не е достатно заштитена на местото каде се наоѓа, а имателот објективно не е во состојба да ја обезбеди оваа заштита, надлежниот завод може со решение да одреди природната реткост да се предаде на времено чување и користење на установа која се занимава со чување, проучување и стручно одржување на одделни природни реткости (музејски, научни и други установи), или да се пренесе на друго место каде ќе биде подобро заштитена до обезбедувањето на потребните услови за нејзиното чување, доколку не е поинаку одредено со одредбите од овој закон. Сите трошоци за одржување и чување на природната реткост ги поднесува установата која ја презема на чување.

Член 43

Имателот на движна природна реткост е должен секое преместување на истата да го пријави на надлежниот завод, непосредно или преку општинскиот орган на управата најдоцна 30 дена пред нејзиното преместување.

Надлежниот завод може со решение да го запре ова преместување, ако утврди дека со тоа природната реткост може да се оштети или ако постојат посебни причини таа да остане на своето место.

Ако надлежниот завод не донесе решение во рок од 30 дена од поднесувањето на пријавата, се смета дека не постојат пречки за преместување на природната реткост.

Член 44

Заштитените движни природни реткости не можат да се изнесуваат нити извезуваат во странство.

По исклучок одделна движна природна реткост може да се изнесе односно да се извезе во странство со дозвола на Советот за култура на НРМ.

Ако заштитената движна природна реткост е по потекло од друга народна република, пред издавањето на дозволата за извоз односно за изнесување ќе се прибави мислење од надлежниот Републички завод за таа република.

За одделни видови движни природни реткости дозволата од став 2 може да ја издаде и Републичкиот завод.

Советот за култура на НРМ ќе ги определи видовите на природните реткости од претходниот став.

Член 45

Истакнувањето фирми, реклами, натписи и други обавестувања на недвижна природна реткост може да се врши само по претходна дозвола од надлежниот завод.

Член 46

Во случаите, кога наредната мерка според одредбите на овој закон го лишува имателот на природната реткост без негова вина од материјалната корист од природната реткост, имателот има право на надоместок.

Средствата за исплатување на надоместокот од претходниот став ги обезбедува политичко-територијалната единица, чиј орган ја наредил мерката.

Решението за исплатување на надоместокот, кога тој паѓа на товар на општината, односно околијата го донесуваат рамноправно обата собора на народниот одбор.

IV РЕГИСТРИРАЊЕ НА ПРИРОДНИ РЕТКОСТИ И ДРУГИ УПРАВНИ МЕРКИ

Член 47

Секоја природна реткост, како и објект за кој се утврди дека има својство на природна реткост, се запишува во регистарот на природни реткости.

Врз основа на актот со кој се прогласува природната реткост и врз основа на решението на Републичкиот завод, со кое се утврдува својството на природна реткост, се врши упис во регистарот на природни реткости.

Републичкиот завод го утврдува својството на природна реткост по претходно прибавено мислење од заинтересираниот орган, установа и организација.

Предметите заведени во инвентарот на музејските, научните и другите установи, што имаат својство на објекти од член 1 на овој закон, се сметаат за предмети што имаат својство на природни реткости, доколку Републичкиот завод на предлог од старешината на музејска, научна или друга установа за одделни предмети не реши поинаку.

Против решението на Републичкиот завод, со кое се утврдува својството на природна реткост или престанокот на ова својство, може да се изјави жалба.

Жалбата против решението на Републичкиот завод, со кое се утврдува својството на природна реткост не го задржува извршувањето на решението.

Член 48

Регистар на природни реткости води секој завод за своето подрачје. Републичкиот завод води централен регистар за сите природни реткости од територијата на Републиката.

За природни реткости во граѓанска сопственост, за кои трошоците на одржувањето се подмирени од општествени средства, во регистарот се внесуваат и податоците за тие трошоци.

Советот за култура на НРМ ќе ги пропише другите податоци што ќе се запишуваат во регистарот на природни реткости, како и начинот на водењето на регистрите.

Советот за култура на НРМ ќе го пропише и начинот на кој музејските, научните и другите установи ќе ги пријавуваат предметите од член 47 став 4 на овој закон.

Член 49

Ако природна реткост, што е запишана во регистарот на природни реткости, го изгуби својството на природна реткост надлежниот завод ќе ја избрише од регистарот.

За бришењето на одделни природни реткости од регистарот задолжително се известува имателот, општинскиот орган на управата, како и заводите во чиј регистар тие биле запишани.

Член 50

Заводот што го извршил запишувањето односно бришењето на недвижната природна реткост во регистарот е должен да го извести надлежниот земјишно-книжен суд поради внесувањето на потребните податоци во соодветните јавни книги.

Уписите во регистарот на природните реткости се објавуваат во „Службен весник на НРМ".

Член 51

Установите што се занимаваат со чување, проучување и стручно одржување на одделни природни реткости (музејските, научните и другите установи) се должни да му доставуваат на Републичкиот завод извештај за нивната состојба.

Член 52

Ископувања и истражувања на објекти од геолошко-палеонтолошки и минералошко-петрографски карактер, што имаат својство на природни реткости, можат да се вршат само на основа дозвола од Републичкиот завод.

Дозвола за ископување и истражување од претходниот став им се издава на научните односно стручните установи и организации што ги исполнуваат условите за вршење такви работи. Ваква дозвола под истите услови може само по исклучок да им се издаде на одделни научни работници.

Член 53

Ако имателот на дозволата ги изведува работите на ископувањата и истражувањата од претходниот член спротивно на заштитните мерки или спротивно на она што во самата дозвола е одредено, органот што ја издал дозволата може привремено да ги запре работите а во случај на непосредна опасност за наоѓалиштето може да донесе решение за одземање на издадената дозвола.

Член 54

Организацијата, установата и поединецот што вршат ископувања и истражувања со цел да пронајдат објекти од геолошко-палеонтолошки или минералошко-петрографски карактер што имаат својство на споменици на природата, се должни во рок од три месеци по извршените работи да достават на Републичкиот завод писмен извештај за извршеното ископување односно истражување.

Член 55

Ако во текот на изведувањата на градежни или други работи се дојде до објекти од геолошко-палеонтолошки или минералошко-петрографски карактер за кои може да се претпостави дека имаат својство на споменици на природата, организацијата, установата или лицето кое непосредно ги изведува работите е должно за тоа веднаш да го извести општинскиот орган на управата кој без одлагање ќе го извести за тоа надлежниот завод.

Организацијата, установата или лицето кое непосредно ги изведува работите е должно да ги преземе нужните мерки наоѓалиштето да се сочува на местото и во положбата во кое е откриено, односно да не се оштети или уништи.

Ако постои непосредна опасност од оштетување на објектите од став 1, општинскиот орган на управата може со свое решение привремено да ги запре работите до донесување на решение од страна на надлежниот завод, како и да преземе други нужни мерки за нивното обезбедување.

Решението од претходниот став надлежниот завод ќе го донесе во рок од 15 дена од приемот на известието.

Надлежниот завод може во истиот рок, со оглед на карактерот на наоѓалиштето, да донесе решение со кое привремено се забранува изведувањето на градежните и другите работи на земјиштето што претставува геолошко-палеонтолошко или минералошко-петрографско наоѓалиште и да му предложи на органот кој го издал одобрението за потесна локација на објектот што се изградува односно на кој се вршат истражувања, да го измени своето решение, водејќи сметка за значењето на откриеното наоѓалиште и за големината на штетата, што би настанала со измената на потесната локација. По поднесениот предлог ќе се постапува според одредбите на Законот за општата управна постапка.

Привремената забрана може да трае најмногу до правосилноста на решението донесено по предлогот на надлежниот завод.

Одобрение за потесна локација на заштитеното подрачје односно објект може да се издаде по претходна согласност од надлежниот завод.

Член 56

Советот за култура на НРМ определува со решение на кого му припаѓа правото на користење на геолошко-палеонтолошките или минералошко-петрографските објекти што имаат својство на споменици на природата а кои се пронајдени при ископувањата и истражувањата.

Со решението од претходниот став може да се определи најдените објекти да се пренесат од подрачјето на општината во која се најдени во друго место само по претходно прибавено мислење од Републичкиот завод и од советот надлежен за работите за заштита на природните реткости на народниот одбор на општината на чие подрачје се најдени.

Член 57

При подготовките за изработка на планови за изведување на работи со кои природните реткости би можеле да се оштетат или уништат, односно со кои би се изменил природниот изглед или геоморфолошките, биолошките и другите карактеристики

на природната реткост, надлежните органи, установи или организации се должни да го прибават мислењето од надлежниот завод.

Надлежниот завод ќе укаже на последиците што можат да настапат со изведувањето на работите од претходниот став и ќе предложи соодветни мерки за заштита.

Кон предлогот на планот од став 1 ќе се поднесе мислењето од надлежниот завод.

Ако органот што го донесува планот не го усвои мислењето на надлежниот завод, заводот може да поднесе приговор на органот надлежен за потврдување на планот.

V ОРГАНИ ЗА ЗАШТИТА НА ПРИРОДНИТЕ РЕТКОСТИ

Член 58

Органи за заштита на природните реткости се: заводите, Советот за култура на НРМ, народните одбори и неговите органи и другите државни органи, установи, организации, здруженија и одборите како органи на општественото управување.

Член 59

Заводи основаат Извршниот совет и народните одбори.

Два или повеќе народни одбори можат спогодбено да основаат заводи за подрачјето на две или повеќе општини односно околии.

Народен одбор може да основа завод ако се обезбедени материјални средства, техничка опрема и стручен кадар.

Советот за култура на НРМ ќе донесе поблиски прописи за условите од претходниот став.

Член 60

Службата за заштита на природните реткости на подрачјето на една или повеќе општини, односно околии ја врши заводот основан од соодветните народни одбори, доколку одредени работи не се ставени во делокруг на други органи и установи.

При непостоење на заводи од претходниот став службата за заштита на природните реткости ја врши Републичкиот завод.

Член 61

Заводите ги вршат особено овие работи:

— ги разгледуваат прашањата за заштита на природните реткости, предлагаат донесување на прописи и преземање на мерки во врска со заштитата на природните реткости и сами преземаат мерки во рамките на својот делокруг;

— ги проучуваат и со научни методи ги обработуваат прашањата од областа на заштитата на природните реткости и се грижат за применување на современи методи и средства за одржување на природните реткости;

— вршат истражувања со цел да се пронајдат објекти на природата што треба да се заштитат како природни реткости;

— се грижат за организацијата на правилното чување и одржување на природните реткости;

— водат регистар на природните реткости;

— водат стручна евиденција и документација на природните реткости (положба, степен на загрозеност, мерки и заштита);

— им укажуваат стручна помош и соработка на имателите на природните реткости, особено со давање на стручни совети, упатства и мислења;

— изработуваат елаборати и проекти за чување и одржување на природните реткости, односно одобруваат такви проекти и елаборати, а по потреба непосредно ги вршат работите од областа на заштитата и конзервацијата;

— вршат непосреден стручен надзор над изведувањето на работите на конзервацијата на природните реткости и спроведувањето на други техничко-заштитни мерки, како и над ископувањата што ги вршат установи, организации и поединци за изнаоѓање на геолошко-палеонтолошки или минералошко-петрографски објекти што имаат својство на споменици на природата;

— го контролираат обемот и карактерот на одобрените научно-истражувачки и други работи на природните реткости за кои е дадена дозвола;

—вршат пропаганда и популаризација на заштита на природните реткости;

— ги одредуваат во согласност со општинскиот орган на управата работите во врска со грижата за чување и одржување на една или повеќе природни реткости во општествена сопственост, што можат да се доверат на здруженијата и организациите од член 10 на овој закон;

— вршат и други стручни и управни работи што со овој закон и друг пропис им се ставени во надлежност.

Член 62

Републичкиот завод, покрај работите од претходниот член, ги врши особено следните работи:

— на заводите основани од народните одбори, им укажува стручна помош и врши стручен надзор над нивната работа;

— се грижи за унапредувањето на службата за заштита на природните реткости;

— предлага донесување на прописи од областа на заштитата на природните реткости;

— се грижи за образованието и усовршувањето на стручните кадри;

— повремено врши увид во состојбата на природните реткости;

— врши и други работи од областа на заштитата на природните реткости што со овој закон или со други прописи му се ставени во исклучива надлежност.

Советот за култура на НРМ може да одреди Републичкиот завод да ја преземе наполно или делумно непосредната заштита на одделни природни реткости од особено значење.

Член 63

Секретарот на Советот за култура на НРМ може да донесува задолжителни стручни упатства за вршење на стручните работи во областа на заштитата на природните реткости.

Член 64

Заводите имаат својство на правно лице.

Член 65

Со заводот управува совет и директор.

Член 66

Советот на заводот го сочинуваат:

— членови што ги именува основачот од редот на граѓаните кои со својата работа можат да придонесат за извршување на задачите на заводот;

— членови што ги избира колективот на заводот од редот на работниците и службениците;

— членови што ги делегираат заинтересираните органи, установи и организации.

Директорот на заводот е член на советот по службеното место.

Бројот на членовите на советот, што ги избира колективот на заводот, не може да биде поголем од една третина од вкупниот број на членовите на советот.

Вкупниот број на членовите на советот се утврдува со актот за основање на заводот, односно со статутот.

Членовите на советот се избираат односно именуваат на две години.

Член 67

Советот на заводот ги врши особено овие работи:

— донесува статут на заводот;

— донесува финансиски план и завршна сметка на заводот;

— го утврдува годишниот план за работа на заводот;

— го претресува годишниот извештај за работа на заводот;

— именува стручен совет на заводот;

— врши и други работи ставени во негова надлежност со други прописи и со статутот на заводот.

Член 68

Директорот на заводот го назначува основачот според одредбите на Законот за јавните службеници.

Делокругот на работата на директорот се пропишува со статутот на заводот.

Член 69

За разгледување на поважни стручни прашања од делокругот на заводот, во заводите се образуваат стручни совети.

Во стручниот совет можат да учествуваат и стручни лица кои не се службеници на заводот, а можат да придонесат за успешното решавање на работите од делокругот на заводот.

Член 70

Заводот има свој статут.

Со статутот поблиску се одредува организацијата и работата на заводот, составот, делокругот на работата на органите на управувањето, како и начинот на изборот на членовите што ги избира работниот колектив.

Статутот го потврдува органот што го основал заводот, односно органот кого основачот за тоа ќе го овласти.

Член 71

Заводите кога решаваат за правата, обврските или правните интереси на странките во работите од заштитата на природните реткости постапуваат според одредбите на Законот за општата управна постапка.

По жалба против решението на заводот решава во втора степен Секретаријатот на Советот за култура на НРМ.

Член 72

Советите надлежни за работите на заштита на природните реткости на народните одбори и Советот за култура на НРМ во областа на заштитата на природните реткости ги вршат особено овие работи:

— ги претресуваат општите прашања од областа на заштитата на природните реткости;

— се грижат за обезбедување на материјални средства потребни за вршење на службата заштита на природните реткости и за обезбедување трошоци што настануваат во врска со спроведувањето на заштитата по овој закон, а што се обезбедуваат од општествени средства, и за таа цел даваат предлози до народните одбори односно до Извршниот совет;

— предлагаат донесување на прописи, донесуваат и пропишуваат мерки за кои се овластени и се грижат за извршување на прописите за заштита на природните реткости;

— даваат општи смерници за работа на заводите;

— вршат надзор над работата на заводот спрема кој народниот одбор односно Извршниот совет ги вршат правата на основач;

— ги разгледуваат годишните извештаи за работата на заводите за заштита на природните реткости и донесуваат заклучоци во врска со таа работа;

— вршат работи на општествено управување од заеднички интерес за заштита на природните реткости во општината, околијата односно Републиката.

— се грижат за образованието и усовршувањето на стручните кадри.

Советот за култура на НРМ врши и други работи во областа на заштитата на природните рет-

кости што со закон и други прописи донесени врз основа на закон му се ставени во надлежност.

Член 73

За проучување и поднесување на мислења и предлози по работи од делокругот на советот, што се однесуваат на заштитата на природните реткости, советите на народните одбори можат да образуваат комисии.

Член 74

Органите на управата надлежни за работите на заштитата на природните реткости на народните одбори во областа на заштитата на природните реткости ги вршат особено овие работи:

— водат постојана евиденција за состојбата и степенот на загрозеноста на природните реткости на своето подрачје и му укажуваат на надлежниот завод за мерките што треба да се преземат за чувањето и одржувањето на природните реткости;

— вршат надзор над законитоста на работата на заводот спрема кој народниот одбор ги врши правата на основач и му укажуваат на советот надлежен за работите на заштитата на природните реткости на народниот одбор на општите акти на заводот, што се во спротивност со законот и со другите прописи;

— го предупредуваат надлежниот завод за мерките што треба да ги преземе во врска со заштитата на природните реткости;

— вршат надзор над извршувањето на прописите и мерките за заштитата на природните реткости и го известуваат надлежниот завод за секој случај на неизвршување на тие прописи, односно мерки;

— во итни случаи согласно со прописите непосредно преземаат мерки за заштита на природните реткости;

— вршат и други управни работи во областа на заштитата на природните реткости што со одредбите на овој закон или други прописи им се ставени во надлежност.

Член 75

Во вршење правото на надзор над законитоста органите од претходниот член имаат право да бараат од директорот на заводот податоци за работата на заводот.

Ако органот на управата утврди дека органите на управувањето на заводот не се придржуваат кон прописите должен е да им обрне внимание на несогласноста на нивната работа со прописите и на нивните обврски што произлегуваат од прописите.

Ако органот на управата утврди дека органите на управувањето на заводот донеле акт во вонуправната постапка што е во спротивност со прописите, ќе го запре од извршување и без одлагање ќе го достави до советот надлежен за работите на заштитата на природните реткости на соодветниот народен одбор.

Советот надлежен за работите на заштитата на природните реткости на народниот одбор може да го укине или поништи актот од претходниот став ако е спротивен на законот, другите прописи или статутот на заводот. Решение по запрениот акт советот е должен да донесе во рок од 30 дена од денот на приемот на запрениот акт.

Член 76

Народните одбори во областа на заштитата на природните реткости ги вршат особено следните работи:

— ја претресуваат општата состојба и прашањата од интерес за развитокот и унапредувањето на службата за заштита на природните реткости од своето подрачје;

— основаат и ги укинуваат заводите што ги основале;

— ги потврдуваат статутите на заводите спрема кои ги вршат правата на основач, доколку тоа право не го пренесат на друг орган;

— назначуваат директор на заводот спрема кој ги вршат правата на основач;

— обезбедуваат материјални средства за вршење на службата за заштита на природните реткости.

Работите од алинеја 1, 3 и 4 од претходниот став народните одбори ги вршат на заеднички седници, а другите работи на одделни седници на обата собора.

Член 77

Одборите како органи на општественото управување во областа на заштитата на природните реткости (член 9 од овој закон) ги образува советот надлежен за работите на заштитата на природните реткости на општинскиот народен одбор.

Најповеќе една третина од членовите на одборот ги именува советот на општинскиот народен одбор, а другите членови ги делегираат заинтересираните организации и установи.

Вкупниот број на членовите на одборот, како и заинтересираните организации и установи и бројот на членовите што тие ги делегираат се одредува со актот за образување на одборот.

Средствата и условите за работа на одборот ги обезбедува надлежниот народен одбор.

Член 78

Одборите од претходниот член ги вршат особено овие работи:

— се грижат за извршување на пропишаните и наредените мерки за чување, одржување и користење на природните реткости и соработуваат со нивните иматели и надлежните органи во извршувањето на тие мерки;

— укажува на надлежниот завод за заштитните и други мерки што треба да ги преземе на природната реткост и за таа цел му даваат предлози за висината на средствата потребни за спроведувањето на тие мерки;

— се грижат за популаризирање на научните, историските, просветните и културните вредности на природните реткости;

— даваат по барање од надлежните органи или по сопствена иницијатива мислење во врска со заштитата на природните реткости.

Со решението за образување на одбор се одредуваат работите што тој ќе ги врши во областа на заштитата на природните реткости.

VI КАЗНЕНИ ОДРЕДБИ

Член 79

Со парична казна или со затвор до една година ќе се казни за кривично дело кој ќе оштети или уништи природна реткост.

Ако поради делото од став 1 настапила значителна штета или ако делото е сторено со намера природната реткост да се оштети или уништи, сторителот ќе се казни со затвор најмалку шест месеци или со строг затвор до пет години.

Член 80

Со парична казна или со затвор до шест месеци ќе се казни за кривично дело кој без дозвола од надлежниот орган ќе изврши на одделна природна реткост конзерваторски или истражувачки работи поради тоа природната реткост ќе биде уништена, тешко оштетена или ќе го загуби својството на природна реткост.

Со истата казна ќе се казни кој без дозвола или противно на забраната на надлежниот орган врши ископување или истражување од геолошко-палеонтолошки или минералошко-петрографски карактер па поради тоа објектот што има својство на споменик на природата ќе биде уништен, тешко оштетен или ќе го загуби тоа својство.

Член 81

Со казна затвор најмалку три месеци или со строг затвор до пет години ќе се казни за кривично дело кој при геолошко-палеонтолошките или минералошко-петрографските ископувања или инаку ќе ги присвои пронајдените објекти од геолошко-палеонтолошки или минералошко-петрографски карактер, што имаат својство на споменици на природата.

Член 82

Со казна затвор до една година ќе се казни за кривично дело кој без дозвола од надлежниот орган ќе извезе или ќе изнесе во странство природна реткост.

За обид ќе се казни.

Член 83

Со парична казна до 20.000 динари ќе се казни за прекршок физичко лице имател на природна реткост кое:

1. не го пријави објектот за кој основано може да се претпостави дека има својство на природна реткост, како и промените на објектот.

2. го занемарува чувањето или одржувањето на природната реткост односно не ги извршува пропишаните или наредените мерки за нејзиното одржување и заштита.

3. не го дозволи истражувањето и проучувањето на природната реткост.

4. одбие или спречи да ја стори пристапна на јавноста природната реткост.

5. постапи спротивно на одредбите на член 19, 20, 21 и 24 од овој закон.

6. ја употребува природната реткост спротивно на решението донесено според член 40 од овој закон.

7. одбие да ја предаде природната реткост на управување на старател.

Со истата казна ќе се казни и секое друго физичко лице кое:

1. без одобрение врши истражување и проучување на природна реткост.

2. без одобрение истакнува фирми, реклами, натписи и други обавестувања на природна реткост.

3. постапи спротивно на одредбите од член 19, 20, 21 и 24 од овој закон.

4. не пријави пронајдени објекти од геолошко-палеонтолошки или минералошко-петрографски карактер, за кои може да се претпостави дека се споменици на природата.

За прекршоците од претходните ставови ќе се казни стопанска и општествена организација, установа, здружение и друго правно лице со парична казна до 20.000 динари.

рична казна до 100.000 динари, а одговорното лице

VII ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 84

Природните реткости, што се ставени под заштита по прописите што важеле до влегувањето во сила на овој закон, остануваат под заштита и по одредбите на овој закон.

Член 85

До основањето на заводи за заштита на природните реткости, предвидени со одредбите на овој закон, работите од областа на заштитата на природните реткости ги вршат заводите за заштита на спомениците на културата чија организација се усогласува со задачите и надлежностите на заводите за заштита на природните реткости одредени со овој закон.

Член 86

Како совети, односно органи на управата надлежни за работите на заштитата на природните

реткости на народните одбори се сметаат советите односно органите на управата надлежни за работите на културата на народните одбори.

Член 87

Советот за култура на НРМ ќе донесе поблиски прописи за спроведувањето на овој закон.

Член 88

Со влегувањето во сила на овој закон престануваат да важат:

1. одредбите од Законот за заштита на спомениците на културата и природните реткости („Службен весник на НРМ" број 11/48) што се однесуваат на природните реткости;

2. одредбите од Законот за шумите („Службен весник на НРМ" број 11/57), Законот за ловот („Службен весник на НРМ" број 23/59) и другите прописи што се во спротивност со одредбите на овој закон.

Член 89

Овој закон влегува во сила осмиот ден по неговото објавување во „Службен весник на НРМ".

338.

На основа член 49 став 2 од Законот за буџетите и финансирањето на самостојните установи („Службен лист на ФНРЈ" бр. 52/59), Народното собрание на Народна Република Македонија на седницата на Републичкиот собор одржана на 21 декември 1960 година и на седницата на Соборот на производителите, одржана на 21 декември 1960 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ВРЕМЕНО ФИНАНСИРАЊЕ НА ПОТРЕБИТЕ НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА ПЕРИОД ЈАНУАРИ—МАРТ 1961 ГОДИНА

I

Финансирањето на потребите на Народна Република Македонија ќе се врши времено за месеците јануари—март 1961 година.

II

Наплатата на приходите и финансирањето на расходите во месеците јануари—март ќе се врши по одредбите на буџетот на Народна Република Македонија за 1960 година, со тоа што вкупниот износ на расходите да не ја надмине четвртината од вкупниот износ на расходите одобрени со тој буџет.

III

Во текот на времето финансирање не можат да се обезбедуваат средства за нови службенички места, надлежности односно работи и нови установи.

IV

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Народна Република Македонија" а ќе се применува од 1 јануари 1961 година.

Народно собрание
на Народна Република Македонија

Број 98
21 декември 1960 година
Скопје

Претседател
на Народното собрание,
Лазар Колишевски, с. р.

Претседател на Соборот на производителите,	Претседател на Републичкиот собор,
Борко Темелковски, с. р.	**К. Георгиевски**, с. р

339.

На основа член 31 став 2 од Уредбата за општествените инвестициони фондови („Службен лист на ФНРЈ" бр. 22/56, 6/57 и 12/60) Народното собрание на Народна Република Македонија, на седницата на Републичкиот собор одржана на 21 декември 1960 година и на седницата на Соборот на производителите, одржана на 21 декември 1960 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ЗАВРШНАТА СМЕТКА НА РЕПУБЛИЧКИОТ ИНВЕСТИЦИОНЕН ФОНД ЗА 1959 ГОДИНА

I Се одобрува завршната сметка на Републичкиот инвестиционен фонд за 1959 година и тоа:

(во илјади динари)

А

Вкупно остварени средства	14,641.030
Вкупно утрошени средства	9,880.098
Неутрошени средства	4,760.932

Б

Вкупно остварени средства	14,641.030
Вкупно ангажирани средства	14,177.598
Неангажирани средства	463.432

II Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Народна Република Македонија".

Народно собрание
на Народна Република Македонија

Број 97
21 декември 1960 година
Скопје

Претседател
на Народното собрание,
Лазар Колишевски, с. р.

Претседател на Соборот на производителите,	Претседател на Републичкиот собор,
Борко Темелковски, с. р,	**К. Георгиевски, с. р**

ЗАВРШНА СМЕТКА

НА РЕПУБЛИЧКИОТ ИНВЕСТИЦИОНЕН ФОНД САМО ЗА 1959 ГОД.

Ред. број	НАЗИВ НА СРЕДСТВАТА	Прилив во 1959 год. планирано	Прилив во 1959 год. остварено
1	Пренесени неутрошени средства од 1958 година	5,745.747	5,745.805
2	Дотација од ОИФ	2,380.000	2,280.000
3	Ануитети		
	— камата 1,766.451		
	— отплата 2,716.978	4,150.000	4,483.429
4	Повратени гарантни износи	300.000	561.073
5	Кредити за откуп на недвижни имоти од турци	600.000	600.000
6	Повраќај од минати години и други слободни средства		805.726
7	Неплатени казни		5.569
8	Останати приходи		159.428
	Вкупно прилив:	13,075.747	14,641.030

Ред. број	ОДЛИВ НА СРЕДСТВАТА	Планирано	Ангажирано	Утрошено	Неутрошени трансфери обврска за 1960 г. (9—8)
	I — Ограничување	469.498	469.498	469.498	
	II — ДИРЕКТНИ ИСПЛАТИ				
1	Гарантни износи	50.000	53.803	53.803	
2	Дотација на фондот за шумарство	450.000	450.000	450.000	
3	Отплата на кредит за откуп на недвижен имот од турците	270.615	270.615	270.615	
4	Вратени средства од дотацијата на ОИФ	482.000	482.000	482.000	
5	Учество на банката во каматата	120.000	182.398	182.398	
6	Други непредв. расходи	—	484	484	
	Сé II:	1,372.615	1,439.300	1,439.300	
	III ЗАЕМИ ВО СТОПАНСТВОТО				
1	Отписани заеми за натишта	1,133.300	1,133.300	882.700	250.600
2	Редовни заеми за основни средства	6,500.000	6,555.000	4,398.100	2,156.900
3	Заеми за учество за основни средства	53.000	111.400	55.300	56.100
4	Заеми за пречекорување на основни средства	267.500	472.000	347.200	124.800
5	Заеми за обртни средства	80.000	80.900	80.900	
6	Заеми за плаќање на ануитети		515.600	515.600	
7	Депозит за 1960 година	626.400	626.400		626.400
8	Провизија по заемите во користење		10.700	10.700	
	Сé III:	8,660.200	9,505.300	6,290.000	3,214.800
	IV ЗАЕМИ ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО				
1	Редовни заеми за основни средства	2,446.134	2,529.100	1,559.900	969.200
2	Заеми за основни средства за учество	107.300	168.800	56.900	111.900
3	Заеми за основни средства за пречекорување		11.100	11.100	
4	Заеми за обртни средства	20.000	26.900	25.300	1.600
5	Заеми за откуп на недвижни имоти од турци		24.200	24.200	
6	Провизија за заемите во користење		3.400	3.400	
	Сé IV	2,573.434	2,763.500	1,680.800	1,082.700
	Сé I—IV:	13,075.747	14,177.598	9,880.098	4,297.500
	Неутрошени средства	—	—	4,760.932	—
	Помалку ангажирано	—	463.432	—	463.432
	Вкупно одлив:	13,075.747	14,641.030	14,641.030	4,760.932

БИЛАНС

НА ОПШТЕСТВЕНИОТ ИНВЕСТИЦИОНЕН ФОНД НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СО СОСТОЈБА НА 31 ДЕКЕМВРИ 1959 Г.

Ред. бр.	О П И С	Претколона: по ознаките а, б итн.	Претколона: за редните броеви	Главна колона
	А — СРЕДСТВА НА ФОНДОТ			
	I — СОСТОЈБА НА ПРЕНЕСЕНИТЕ СРЕДСТВА НА ФОНДОТ ОД МИНАТАТА ГОДИНА:			
1	Кај банката што го води фондот		71.853.665	
2	Кај банката што ги води издвоените средства		—	71,853.665
	II — ПРИЛИВ НА СРЕДСТВАТА ВО ФОНДОТ:			
	за текуштата година:			
3	Кај банката што го води фондот			
	а) Книговодствен прилив во текуштата година	17,606.815		
	б) Преноси и расходи на фондот со ограничување	3,718.246	13,888.369	
4	Кај банката што ги води издвоените средства на фондот			
	а) Книговодствен прилив во текуштата година			
	б) Преноси и расходи од издвоените средства			13,888.369
	III — ВКУПНО СРЕДСТВА НА ФОНДОТ НА СМЕТКАТА 67 (I + II):			
5	Кај банката што го води фондот (1 + 3)		85,742.034	
6	Кај банката што ги води издвоените средства на фондот (2 + 4)		—	85,742.034
	IV — СРЕДСТВА НА ФОНДОТ НА СМЕТКАТА ОГРАНИЧУВАЊЕТО 687:			
7	Кај банката што го води фондот		469.498	469.498
	V — СРЕДСТВА НА ФОНДОТ ВО НЕПОТРОШЕНИ ГАРАНТНИ ИЗНОСИ			
8	По заемите за инвестиции		1,095.799	
9	По краткорочните кредити			1,095.799
	VI — ВКУПНО СРЕДСТВА НА ФОНДОТ НА ДЕНОТ НА ЗАКЛУЧУВАЊЕТО:			
10	Кај банката што го води фондот (5 + 7)		86,211.532	
11	Кај банката што ги води издвоените средства (6 + 8 + 9)		1,095.799	87,307.331

Ред. бр.	О П И С	Претколона: за ознаките а, б итн.	Претколона: за редните броеви	Главна колона
	Б — УТРОШЕНИ СРЕДСТВА НА ФОНДОТ			
	VII — СОСТОЈБА ПО ЗАЕМИТЕ ОД ФОНДОТ:			
12	Кај банката што го води фондот			
	а) Заеми во отплатување за основните средства	66,116.913		
	б) Заеми во користење за основните средства	10.865.437		
	в) Стасани обврски по заемите за основни средства (парт. со долг. салдо)	1,344.559		
	г) Заеми за отплатување за обртни средства	2,352.401		
	д) Заеми во користење за обртни средства	89.996		
	ѓ) Стасани обврски по заемите за обртни средства (парт. со долг. салдо)	211.835	80.981.141	
13	Кај банката што ги води издвоените средства			
	а) Заеми во отплатување на основните средства			
	б) Заеми во користење на основните средства			
	в) Стасани обврски по заемите за основни средства			
14	Вкупна состојба на утрошените средства на фондот		80,981.141	80,981.141
	Б — НЕУТРОШЕНИ СРЕДСТВА НА ФОНДОТ			
	VIII — НЕУТРОШЕНИ СРЕДСТВА:			
15	Кај банката што го води фондот			
	а) Неутрошени депозити	1,866.811		
	б) Останати неутрошени средства без ограничувањето	2,894.082	4.760.893	
16	Кај банката што ги води издвоените средства			
	а) Неутрошени средства за учество и пречекорувања			
	б) Неутрошени гарантни износи (8 + 9)	1,095.799	1,095.799	
17	Неутрошени средства по ограничувањето во текот на годината			
	а) Средства на фондот без ограничувањето			
	б) Состојба на утрош. средства			
	в) Повеќе потрошени средства на фондот			
	г) Состојба за издвоените средства на ограничувањето		469.498	6,326.190
	IX ВКУПНО СРЕДСТВА НА ФОНДОТ НА ДЕЛОТ НА ЗАКЛУЧУВАЊЕТО:			
18	Кај банката што го води фондот (12 + 15 + 17)		86,211.532	
19	Кај банката што ги води издвоените средства (13 + 16)		1,095.799	87,307.331

340.

На основа член 432 став 4 од Законот за јавните службеници („Службен лист на ФНРЈ" бр. 53/57 и 27/60), Извршниот совет донесува

УРЕДБА
ЗА СОСТАВОТ НА СТРУЧНАТА КОМИСИЈА И ЗА НАЧИНОТ НА ИЗБОР ВО ЗВАЊАТА ПРОФЕСОР И ПРЕДАВАЧ НА ВИША ШКОЛА

Член 1

Изборот на професор и предавач (во натамошниот текст: наставник) на виша школа кој се врши врз основа на конкурсот и реферат на стручна комисија, се уредува поблиску според одредбите на оваа уредба.

Член 2

Конкурсот се објавува на начин предвиден со Законот за јавните службеници.

Во објавата на конкурсот што го распишува советот на школата, се означува, предмет за кој се врши изборот на наставникот, условите што кандидатот треба да ги исполнува, документите што кандидатот треба да ги приложи кон пријавата и рокот до кога се поднесува пријавата. Рокот за пријавување на конкурсот не може да биде покус од еден месец од денот на објавувањето на конкурсот.

Член 3

Истовремено со распишувањето на конкурсот советот на вишата школа, по предлог од наставничкиот совет, образува стручна комисија за поднесување реферат за пријавените кандидати по распишаниот конкурс. По правило за секое наставничко место се образува посебна стручна комисија.

Стручната комисија се состои од три члена, од кои најмалку два мораат да бидат стручни за предметот за кој се врши изборот.

Членовите на стручната комисија се именува од редот на професорите на вишата школа и универзитетските наставници како и од редот на истакнатите стручњаци од стопанството и јавните служби.

Член 4

Кандидатот што се пријавува на конкурсот поднесува: пријава, оверен препис на дипломата, биографија, список на стручните трудови, проекти или стручни елаборати, како и самите трудови ако такви има. Кандидатот што не е јавен службеник поднесува и документи што се потребни за стапување во служба според Законот за јавните службеници, а кандидатот што е јавен службеник извод од неговиот службенички лист.

Член 5

По истекот на рокот на пријавување на конкурсот, стручната комисија ги прегледува пријавите на кандидатите и најдоцна два месеца од завршетокот на конкурсот му поднесува на наставничкиот совет на вишата школа писмен реферат за секој пријавен кандидат со предлог за изборот. Наставничкиот совет со свое мислење го доставува рефератот и предлогот на стручната комисија до советот на вишата школа.

Рефератот содржи: биографски податоци за кандидатот, податоци за искуството на кандидатот во наставата односно за успехот во работата од неговата струка во праксата, податоци за стручните и другите работи на кандидатот и оценка на тие работи, како и оценка на стручната комисија дали кандидатот ги исполнува условите за избор.

Рефератот се објавува на начин што ќе го одреди советот на вишата школа, најмалку 30 дена пред изборот.

Установите, општествените организации и граѓаните можат до советот на вишата школа да му поднесат свои забелешки на предлог на стручната комисија.

Член 6

Советот на вишата школа решава за изборот на наставниците на основа распишаниот конкурс најдоцна два месеца од денот на објавувањето на рефератот на стручната комисија.

Изборот се врши со јавно гласање, а решение се донесува со мнозинство на гласови од присутните членови.

Советот на вишата школа може да врши избор само помеѓу кандидатите што според оценката на стручната комисија ги исполнуваат условите за избор.

Ако советот на школата не избере ни еден од кандидатите од претходниот став се смета дека конкурсот не успеал.

На седницата на советот на вишата школа на која се врши избор на наставниците задолжително присаствува и известителот на стручната комисија кој го запознава советот за мислењето на комисијата по поднесените забелешки (чл. 5 став 4 од оваа уредба).

Член 7

Решението на советот на вишата школа за избор на наставникот се доставува на потврда до Советот за просвета на НРМ најдоцна 10 дена од денот на изборот.

Кон решението за изборот се доставуваат во оверен препис рефератот на стручната комисија и забелешките на предлогот на стручната комисија ако имало такви како и записникот од седницата на советот на вишата школа на која е вршен изборот.

Член 8

Советот за просвета на НРМ е должен да реши за потврдувањето на изборот на наставникот на вишата школа најдоцна два месеца од денот на приемот на решението за изборот.

Решението на Советот за просвета на НРМ за потврдување на изборот му се доставува на директорот на вишата школа кој издава решение за назначување.

Член 9

Органите на вишата школа ќе покренат постапка за поновен избор на наставник најдоцна шест месеци пред истекот на рокот за кој наставникот е избран.

Член 10

Поблиски прописи за извршување на оваа уредба донесува Советот за просвета на НРМ.

Член 11

Оваа уредба влегува во сила од денот на нејзиното објавување во „Службен весник на Народна Република Македонија".

Бр. 09-2308/1
1 декември 1960 година
Скопје

ИЗВРШЕН СОВЕТ
Секретар, Потпретседател,
Филип Брајковски, с. р. **Александар Грличков**, с. р.

341.

На основа член 52 во врска со член 55 став 2 од Законот за државната управа, Извршниот совет донесува

УРЕДБА
ЗА УКИНУВАЊЕ НА УПРАВАТА ЗА ЗАШТИТА НА РАСТЕНИЈАТА И УПРАВАТА ЗА ПАСИШТА

Член 1

Се укинуваат Управата за заштита на растенија и Управата за пасишта како републички органи на управата во состав на Секретаријатот за земјоделство и шумарство на Извршниот совет.

Член 2

Работите од делокругот на управите од претходниот член ќе ги врши Секретаријатот за земјоделство и шумарство на Извршниот совет.

Член 3

Службениците на управите од член 1 од оваа уредба остануваат службеници на Секретаријатот за земјоделство и шумарство на Извршниот совет.

Член 4

Оваа уредба влегува во сила со денот на нејзиното објавување во „Службен весник на Народна Република Македонија".

Бр. 09-2540/1
1 декември 1960 година
Скопје

ИЗВРШЕН СОВЕТ
Секретар, Потпретседател,
Филип Брајковски, с. р. **Александар Грличков**, с. р.

342.

На основа член 2 став 3 и член 3 став 1 точ. 2 од Уредбата за данокот на промет („Службен лист на ФНРЈ", бр. 55/53, 55/54, 24/57, 54/57, 16/58, 6/59 и 8/60), Извршниот совет донесува

ОДЛУКА
ЗА ДАНОКОТ НА ПРОМЕТ НА ТУТУН

I

Индивидуалните производители на тутун плаќаат 5% данок на промет од продажната цена на тутунот, со тоа пресметаниот данок на промет да не може да биде поголем од 50 динари по еден килограм тутун.

II

Стопанските организации за откуп на тутунот се должни при исплатата на тутунот да го пресметаат и да го запрат соодветниот износ на данокот на промет на тутун.

Запрениот износ на данокот стопанските организации од претходниот став се должни да го уплатат на соодветната сметка во банката во срок од седум дена од исплатата на тутунот.

III

Државниот секретаријат за работи на финансиите на НРМ ќе се грижи за спроведувањето на оваа одлука.

IV

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Народна Република Македонија", а ќе се применува на произведените и откупени количини тутун од реколтата 1960 година.

Бр. 09-2597/1
1 декември 1960 година
Скопје

ИЗВРШЕН СОВЕТ
Секретар, Потпретседател,
Филип Брајковски, с. р. **Александар Грличков**, с. р.

343.

На основа член 13 став 1 од Законот за организацијата на научната работа („Службен лист на ФНРЈ" бр. 34/57), а во согласност со факултетскиот совет на Техничкиот факултет на Универзитетот во Скопје, Извршниот совет донесува

ОДЛУКА
ЗА ПРЕНЕСУВАЊЕ ПРАВАТА НА ИЗВРШНИОТ СОВЕТ КАКО ОСНИВАЧ НА ИНСТИТУТОТ ЗА НАУЧНО ИСТРАЖУВАЊЕ ВО ИНДУСТРИЈАТА НА ТЕХНИЧКИОТ ФАКУЛТЕТ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ ВО СКОПЈЕ

I

Правата и должностите што ги има Извршниот совет како основач спрема Институтот за научно истражување во индустријата се пренесуваат на Техничкиот факултет на Универзитетот во Скопје.

II

Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното објавување во „Службен весник на Народна Република Македонија".

Бр. 09-2463/1
1 декември 1960 година
Скопје

ИЗВРШЕН СОВЕТ
Секретар, Потпретседател,
Филип Брајковски, с. р. **Александар Грличков**, с. р.

344.

На основа член 2 од Основната уредба за установите со самостојно финансирање („Службен лист на ФНРЈ бр. 51/53), во врска со член 15 и 17 од Законот за буџетите и финансирањето на самостојните установи („Службен лист на ФНРЈ" бр. 52/59), Извршниот совет донесува

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОСНОВАЊЕ ЦЕНТАР ЗА ЕКОНОМИКА НА ДОМАЌИНСТВОТО

1. Се основа Центар за економика на домаќинството (во натамошниот текст: Центар), како самостојна установа.

Седиштето на Центарот е во Скопје.

2. Задача на Центарот е:

а) да проучува и стручно обработува материјали од подрачјето на домаќинството и да ги популаризира теоретските и практичните знаења на најновите научни достигнувања од современото домаќинство со цел кон постојано унапредување на домаќинството;

б) во соработка со заинтересираните органи и организации да обработува и оперативно работи во решавањето на следните проблеми:

— за подобрување на општествената исхрана, посебно исхраната во школските кујни и исхраната во домаќинствата;

— во производство на современа опрема за становите, а во согласност со правилната функција да им укажува и помага на индустриските претпријатија да произведуваат современи средства за широка потрошувачка за потребите на домаќинствата;

— за хигиенско, економично и практично облекување и употреба на текстилот во домот;

в) да соработува во разработување на програми за редовно, дополнително и кадровско образование од подрачјето на домаќинството;

г) да помага во правилно изведување наставата по домаќинство во школите;

д) да помага во основање и работата на околиските и општинските центри за економика на домаќинството.

3. За остварување задачите од претходната точка Центарот има право на управување со инвентар, уреди и други движни и недвижни имоти што дополнително ќе се попишат и проценат по постојните прописи.

4. Со Центарот управува управен одбор и директор.

5. Управниот одбор се состои од 9 члена што ги именува Советот за социјална политика и комунални прашања на НРМ и тоа: два члена од редот на работниот колектив на центарот, еден претставник на народниот одбор на општината каде установата има свое седиште и пет члена од редот на општествените и стопанските организации, установите и граѓаните кои можат да придонесат за работата на Центарот.

Директорот на Центарот е член на Управниот одбор, по своето службено место.

6. Управниот одбор се избира на 2 години.

7. Со работата на Центарот непосредно раководи директор.

Директорот на Центарот го назначува Советот за социјална политика и комунални прашања на НРМ.

8. Органот надлежен за работите и задачите на Центарот е Советот за социјална политика и комунални прашања на НРМ.

9. Ова решение влегува во сила од денот на неговото објавување во „Службен весник на Народна Република Македонија".

Бр. 09-2430/1
1 декември 1960 година
Скопје

ИЗВРШЕН СОВЕТ

Секретар, Потпретседател,
Филип Брајковски, с. р. **Александар Грличков**, с. р.

345.

На основа член 7 став 1 и член 8 од Уредбата за организацијата и работата на Советот за социјална политика и комунални прашања на НРМ („Службен весник на НРМ" бр. 42/59), Извршниот совет донесува

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА СОВЕТОТ ЗА СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА И КОМУНАЛНИ ПРАШАЊА НА НРМ

I

Се разрешуваат досегашните членови на Советот за социјална политика и комунални прашања на НРМ поради изминување на времето за кое се именувани.

II

За членови на Советот за социјална политика и комунални прашања на НРМ се именуваат:

а) **на две години:**
1) Ката Лахтова, народен пратеник;
2) Љупчо Личеновски, педагог во Советот за родители и деца во Скопје;
3) Инж. Драган Шојлевски, службеник во Извршниот совет;
4) Ничо Јаниќ, инспектор на трудот во Секретаријатот за труд на ИС; и
5) Кочо Симјановски, службеник во НО на Скопска околија.

б) **на една година:**
1) Никола Митевски, член на Секретаријатот на Републичкиот совет на синдикатите на НРМ;
2) Инж. Крум Хололчев, професор на Техничкиот факултет во Скопје;
3) Киро Анастасов, потпретседател на НО на Скопска околија;
4) Стоилко Ивановски, професор на Вишата управна школа;
5) Танаско Трајковски, службеник во ДСВР на НРМ.

III

Ова решение влегува во сила веднаш, а ќе се објави во „Службен весник на Народна Република Македонија".

Бр. 09-2292/1
1 декември 1960 година
Скопје

ИЗВРШЕН СОВЕТ

Секретар, Потпретседател,
Филип Брајковски, с. р. Александар Грличков, с. р.

346.

На основа член 7 став 1 и член 8 од Уредбата за организацијата и работата на Советот за народно здравје на НРМ („Службен весник на НРМ“ бр. 42/59), Извршниот совет донесува

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА СОВЕТОТ ЗА НАРОДНО ЗДРАВЈЕ НА НРМ

I

Се разрешуваат досегашните членови на Советот за народно здравје поради изминување на времето за кое се именувани.

II

Во Советот за народно здравје во НР Македонија се именуваат:

а) на две години:

1. Лилјана Манева, главен уредник на Радио-Скопје;
2. Славко Матовски, в. д. директор на Заводот за физичка култура;
3. Рада Иванова, началник во Секретаријатот за труд на Извршниот совет;
4. Д-р Иван Тафчиовски, асистент во Клиниката за усни, забни и вилични болести; и
5. Д-р Стефан Јоксимовиќ, санитетски пуковник.

б) на една година:

1. Д-р Михајло Фунтек, лекар;
2. Д-р Вукашин Попадиќ, директор на Заводот за заштита на народното здравје;
3. Трајко Атанасов, началник во Советот за социјална политика и комунални прашања; и
4. Лазар Калајџиски, службеник во Државниот секретаријат за стоков промет.

III

Ова решение влегува во сила веднаш, а ќе се објави во „Службен весник на Народна Република Македонија“.

Бр. 09-2434/1
1 декември 1960 година
Скопје

ИЗВРШЕН СОВЕТ

Секретар, Потпретседател,
Филип Брајковски, с. р. **Александар Грличков**, с. р.

347.

На основа член 46 од Основниот закон за филмот („Службен лист на ФНРЈ“ бр. 17/56), Извршниот совет донесува

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ИМЕНУВАЊЕ СОВЕТ ЗА ИЗБОР НА ФИЛМОВИ НА ПРЕТПРИЈАТИЕТО ЗА ИЗНАЈМУВАЊЕ ФИЛМОВИ „МАКЕДОНИЈА“ — СКОПЈЕ

I. Се разрешуваат досегашните членови на Советот за избор на филмови на Претпријатието за изнајмување филмови „Македонија“ — Скопје поради изминување на времето за кое се именувани.

II. За членови на Советот за избор на филмови на Претпријатието за изнајмување филмови „Македонија“ — Скопје се именуваат:

1. Ацо Алексиев, филмски критичар;
2. Ѓорѓи Бозбокилос, директор на „Македонија-филм“;
3. Емин Илјами, новинар;
4. Славко Јаневски, писател;
5. Душко Калиќ, писател;
6. Кузман Кузмановски, директор на „Градски кина“;
7. Томе Мрмировски, уредник на Радио-Скопје;
8. Илија Милчин, артист;
9. Љубо Петковски, филмски работник;
10. Василије Поповиќ — Цицо, академски сликар;
11. Коле Чашуле, писател.

III. Ова решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

Бр. 09-2401/1
1 декември 1960 година
Скопје

ИЗВРШЕН СОВЕТ

Секретар, Потпретседател,
Филип Брајковски, с. р. **Александар Грличков**, с. р.

348.

На основа член 6 став 1 од Законот за управните училишта („Службен лист на ФНРЈ“ бр. 29/56), Извршниот совет донесува

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА СОВЕТОТ НА ВИШАТА УПРАВНА ШКОЛА ВО СКОПЈЕ

I. Се разрешуваат од должност членовите на Советот на Вишата управна школа во Скопје именувани со Решението за именување членови на Советот на Управната школа во Скопје („Службен весник на НРМ“ бр. 12/59):

1. Мито Мицајков, член на Извршниот совет;
2. Филип Брајковски, член на Извршниот совет;
3. Асен Групче, претседател на Врховниот суд на НРМ.

II. За членови на Советот на Вишата управна школа во Скопје од редот на општествените работници се именуваат:

1. Кочо Тулевски, претседател на Народниот одбор на општина — Тетово;
2. Славко Милосавлевски, професор во Политичката школа во Скопје;
3. Боро Чакар, јавен правобранител на Скопска околија.

III. Ова решение влегува во сила веднаш.

Бр. 09-2673/1
1 декември 1960 година
Скопје

ИЗВРШЕН СОВЕТ

Секретар, Потпретседател,
Филип Брајковски, с. р. **Александар Грличков**, с. р.

349.

На основа член 7 став 1 и член 8 од Уредбата за организацијата и работата на Советот за култура на НР Македонија („Службен весник на НРМ“ бр. 42/59), Извршниот совет донесува

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА СОВЕТОТ ЗА КУЛТУРА НА НРМ

1. Се разрешуваат досегашните членови на Советот за култура на НРМ именувани со Решението за именување членови на Советот за култура на НРМ („Службен весник на НРМ“ бр. 38/59) на една година:

— Петре Богданов — Кочко, директор на Операта;
— Славко Јаневски, писател;
— Димче Коцо, вонреден професор на Универзитетот во Скопје; и
— Коле Чашуле, писател.

2. За членови на Советот за култура на НРМ на една година се именуваат:

— Славко Јаневски, писател;
— Димче Левков, професор на Филозофскиот факултет;
— Кице Најдевски, претседател на Советот за култура на НО на Битолска околија;
— Димитар Солев, писател.

3. Ова решение влегува во сила веднаш, а ќе се објави во „Службен весник на Народна Република Македонија“.

Бр. 09—2131
1 декември 1960 година
Скопје

ИЗВРШЕН СОВЕТ
Секретар, Потпретседател,
Филип Брајковски, с. р. **Александар Грличков**, с. р.

350.

На основа член 18 од Уредбата за основање на претпријатија и дуќани („Службен лист на ФНРЈ“ бр. 51/53), Извршниот совет донесува

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБРАЗУВАЊЕ УПРАВЕН ОДБОР ЗА ПРЕТПРИЈАТИЕТО ВО ИЗГРАДБА „РУДНИЦИ И ЖЕЛЕЗАРА СКОПЈЕ“ — СКОПЈЕ

1. За Претпријатието во изградба „Рудници и железара Скопје“, со седиште во Скопје, основано со решение на Владата на НР Македонија, бр. 1418 од 31-XII-1952 година, се образува управен одбор.

2. Управниот одбор се состои од 9 члена, од кои еден член именува Извршниот совет, по еден член избираат народните одбори на Скопска, Штипска, Охридска и Битолска околија, еден член Народниот одбор на општина Саат Кула и два члена избира работниот колектив на Претпријатието.

Мандатот на членовите на Управниот одбор трае до конституирањето на Претпријатието.

Органите од став 1 на оваа точка можат членот кој го именувале односно избрале да го разрешат односно отповикаат и пред истекот на срокот определен во претходниот став.

Директорот на претпријатието е член на Управниот одбор по својот положај.

Претседателот на Управниот одбор го именува Извршниот совет.

Директорот на претпријатието не може да биде претседател на Управниот одбор.

3. Управниот одбор особено ги врши следните работи:

а) дава согласност на годишните и оперативни планови за изградба на Претпријатието;

б) дава согласност на распоредот и големината на инвестиционите средства за поодделни објекти и намени;

в) дава согласност на распоредот на средствата предвидени за покривање на трошоците на управата и режијата;

г) ги определува платите како и патните и селидбените трошоци на работниците и службениците на претпријатието;

д) дава мнение по предлозите за изменување и дополнување на решението за основање на Претпријатието;

ѓ) ги разгледува извештаите за работата и пресметките на трошоците на инвестиционите средства и ги доставува на надлежните органи.

4. Управниот одбор за својата работа му одговара на Извршниот совет.

5. Со влегувањето во сила на ова решение, во однос на Претпријатието престанува примената на Одлуката за овластување на Секретаријатот за индустрија на Извршниот совет за одредување на личните доходи на работниците и службениците на одредени претпријатија во изградба („Службен весник на НРМ“ бр. 23/59).

6. Ова решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

Бр. 09—2522/1
1 декември 1960 година
Скопје

ИЗВРШЕН СОВЕТ
Секретар, Потпретседател,
Филип Брајковски, с. р. **Александар Грличков**, с. р.

351.

На основа член 66 став 2 од Основниот закон за прекршоците („Службен лист на ФНРЈ“ бр. 2/59), Извршниот совет донесува

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТОТ ЗА ПРЕКРШОЦИ ПРИ ДРЖАВНИОТ СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ НА НРМ

I. Се разрешува од должноста претседател на Советот за прекршоци при Државниот секретаријат за внатрешни работи на НРМ Димитар Стојчев, поради заминување на нова должност.

II. За претседател на Советот за прекршоци при Државниот секретаријат за внатрешни работи на НРМ се именува Танаско Алекса Трајковски, досегашен началник во истиот Секретаријат.

III. Ова решение влегува во сила веднаш, а ќе се објави во „Службен весник на Народна Република Македонија".

Бр. 09—2670/1
1 декември 1960 година
Скопје

ИЗВРШЕН СОВЕТ

Секретар, Потпретседател,
Филип Брајковски, с. р. **Александар Грличков**, с. р

352.

На основа член 53 од Законот за државната управа („Службен лист на ФНРЈ" бр. 13/56), и член 3 од Законот за органите на управата на Народна Република Македонија („Службен весник на НРМ" бр. 14/56), Извршниот совет донесува

РЕШЕНИЕ
ЗА ПОСТАВУВАЊЕ ДИРЕКТОР НА ДРЖАВНИОТ АРХИВ

1. За директор на Државниот архив се поставува Димче Стојановски — Мире, народен пратеник.

2. Ова решение влегува во сила веднаш, а ќе се применува од 1-I-1961 година.

Бр. 09—2711/1
16 декември 1960 година
Скопје

ИЗВРШЕН СОВЕТ

Секретар, Претседател,
Филип Брајковски, с. р. **Љупчо Арсов**, с. р.

353.

На основа точка 1 став 3 од Наредбата за продажните цени на житариците и производите од житарици („Службен лист на ФНРЈ", бр. 32/60), Државниот секретаријат за стоков промет на НРМ донесува

НАРЕДБА
ЗА ОДРЕДУВАЊЕ ТРОШОЦИ НА ТРГОВИЈА НА ГОЛЕМО ЗА ПШЕНИЦА, 'РЖ, ПЧЕНКА, ЈАЧМЕН (ОСВЕН ПИВАРСКИОТ), ЗОБ И ПРЕКРУПА

I

Стопанските организации кои се бават со промет на житарици можат за покривање на трошоците на прометот на големо на пшеница, 'рж, јачмен (освен пиварскиот), зоб и прекрупа да засметуваат најмногу 2,50 динари за 1 кгр.

II

Трошоците на трговијата во смисла на претходната точка ги опфаќаат сите трошоци што настануваат од преземање до продажбата на стоката, освен трошоците на превозот кои одделно се засметуваат на набавната цена.

III

Оваа наредба влегува во сила осмиот ден по објавувањето во „Службен весник на Народна Република Македонија".

Број 02-1338/4
22 декември 1960 година
Скопје

Државен секретар
за стоков промет на НРМ,
Мориц Романо, с. р.

354.

На основа точка 3 став 1 и 3 од Наредбата за продажните цени на житарици и производи од житарици („Службен лист на ФНРЈ" број 32/60), во согласност со Секретаријатот за индустрија на Извршниот совет, Државниот секретаријат за стоков промет на НРМ донесува

НАРЕДБА
ЗА ОЛРЕЛУВАЊЕ ТРОШОЦИ НА ПРОМЕТОТ НА ГОЛЕМО И ТРОШОЦИТЕ НА ПРОИЗВОДСТВОТО (ПОМЕЉАРИНА) ЗА ПШЕНИЧНО, 'РЖНО И ПЧЕНКАРНО БРАШНО

I

Производните и трговските стопански организации кои се бават се трговија на брашно можат на име трошоци на прометот на големо на пшенично, р'жно и пченкарно брашно да засметуваат до 2,50 динари на 1 кгр.

II

Стопанските организации кои се бават со преработка на житарици, можат на име трошоци на производството (помељарина) и трошоците на прометот на големо на пшенично, 'ржно и пченкарно брашно да засметуваат најмногу 8 динари на 1 кгр.

III

Трошоците на прометот во смисла на точка I на оваа наредба, ги опфаќаат сите трошоци што настануваат од преземањето до продажбата на стоката, освен трошоците и превозот кои одделно се засметуваат на набавната цена.

IV

Оваа наредба влегува во сила осмиот ден по објавувањето во „Службен весник на Народна Република Македонија".

Број 02-1339/3
22 декември 1960 година
Скопје

Државен секретар
за стоков промет на НРМ,
Мориц Романо, с. р.

355.

На основа точка 3 став 2 од Одлуката за одредување највисоки продајни цени на добиточна храна од индустриско потекло („Службен лист на ФНРЈ" број 31/60), Државниот секретаријат за стоков промет на НРМ донесува

НАРЕДБА
ЗА ОДОБРУВАЊЕ ТРОШОЦИ НА ПРОМЕТОТ НА ГОЛЕМО НА ДОБИТОЧНА ХРАНА ОД ИНДУСТРИСКО ПОТЕКЛО

I

На стопанските организации кои се бават со промет на добиточна храна од индустриско потекло им се одобрува да можат на име трошоци во прометот на големо да засметуваат најмногу 8% од набавната цена на производите наведени во точка 1 од Одлуката за одредување на највисоки продајни цени на добиточна храна од индустриско потекло („Службен лист на ФНРЈ" број 31/60).

II

Трошоците на прометот во смисла на претходната точка ги опфаќат сите трошоци што настануваат од преземањето до продажбата на производот, освен трошоците на превозот кои одделно се засметуваат на набавната цена.

III

Оваа наредба влегува во сила осмиот ден по објавувањето во „Службен весник на Народна Република Македонија".

Број 02-1398/1
22 декември 1960 година
Скопје

Државен секретар
за стоков промет на НРМ,
Мориц Романо, с. р.

356.

На основа член 47 од Основниот закон за заштита на добитокот од заразните болести („Службен лист на ФНРЈ" број 26/54), член 6 и 10 од Законот за заштита на добитокот од заразните болести („Службен весник на НРМ" број 9/56), Секретаријатот за земјоделство и шумарство на Извршниот совет донесува

НАРЕДБА
ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА ДОБИТОКОТ ОД ЗАРАЗНИТЕ БОЛЕСТИ ВО 1961 ГОДИНА

I

По одредбите на оваа наредба народните одбори на општините и околиите во 1961 година ќе ги организираат и спроведуваат потребните мерки за спречување на овие добиточни заразни болести:

1. Бес
2. Туберкулоза
3. Бруцелоза
4. Антракс
5. Шушкавец
6. Чума по свињите
7. Црвен ветер по свињите
8. Краста
9. Чума по птиците
10. Сакагија
11. Заразна кривотница кај овците
12. Ентеротоксемија кај овците и заразен пролив кај јагнињата
13. Заразна агалакција кај овците
14. Тифус кај домашните птици и белата дрскавица кај пилињата.
15. Белодробна стронгилоза и стомачно цревни паразити кај овците
16. Пироплазмоза
17. Заразните болести кај пчелите.

II

1. **Бес**

а) Превентивно инжектирање на кучињата против бесот на целата територија на НРМ ќе се изврши до 15 април 1961 година;

б) Кучињата постари од три месеци кои не бидат инжектирани мораат да се уништат;

в) Истовремено со инжектирањето против бесот ќе се врши и дехелментизација на кучињата;

г) Повторна дехелментизација ќе се изврши во периодот октомври — декември 1961 година.

2. **Туберкулоза**

а) Општа и задолжителна туберкулинизација на сите говеда ќе се изврши во земјоделските стопанства и задругите, како и во населбите што ќе ги одредат народните одбори на околиите и Управата на ветеринарна служба на Секретаријатот за земјоделство и шумарство на Извршниот совет;

б) Нововнесените говеда во Републиката задолжително ќе се туберкулинизираат најдоцна два месеци по внесувањето им.

3. **Бруцелоза**

а) Во сите земјоделски стопанства и задругите, како и во населбите што ќе ги одреди Народниот одбор на околијата и Управата за ветеринарна служба на Секретаријатот за земјоделство и шумарство на Извршниот совет ќе се земе крв од сите говеда и свињи за преглед на бруцелоза, најдоцна до 30-VI-1961 година;

б) Во сите земјоделски стопанства и задруги ќе се изврши и повторно земање на крв од говедата и свињите за преглед на бруцелоза, шест месеци по првото земање;

в) Од сите нововнесени говеда и свињи во Републиката задолжително ќе се земе крв за преглед на бруцелоза најдоцна 21 ден по внесувањето им.

4. **Антракс**

а) Во сите дистрикти на антраксот ќе се изврши двократно инжектирање на добитокот против болеста антракс. Околискиот ветеринарен инспектор ќе одреди кои места на подрачјето на околијата се сметаат за антраксни дистрикти.

Регистрираните населби како дистрикти на антраксот во кои во последните 7 години не е установен антракс кај добитокот нема да се третираат како дистрикти на антраксот;

б) Првото превентивно инжектирање ќе се изврши најдоцна до 31 мај 1961 година, а второто најдоцна 6 месеци по првото.

5. Шушкавец кај говедата

а) Мерките пропишани за инжектирање на добитокот против антраксот ќе се применуваат и за превентивно инжектирање на говедата против шушкавецот.

6. Чума по свињите

а) Општо задолжително двократно инжектирање на свињите против чумата ќе се изврши во земјоделските стопанства и задругите, како и на свињите на територијата на Кумановска и Скопска околија, потоа на подрачјето на општините: Пробиштип, Св. Николе, Берово, Делчево, Пехчево и Ново Село.

Задолжително двократно инжектирање ќе се изврши и во сите населби во кои е установена чумата по свињите во текот на 1960 година.

Советот надлежен за ветеринарство на Штипска околија може во случај на потреба задолжителното инжектирање на свињи против чумата, да го прошири и на други општини.

Првото превентивно инжектирање ќе се изврши најдоцна до 30 април 1961 година, а второто шест месеци по првото;

б) Превентивно инжектирање ќе се врши со кристал виолет вакцина.

Ослабени односно атенуирани вируси можат да се употребуваат само со специјално одобрување од Управата за ветеринарна служба при Секретаријатот за земјоделство и шумарство на Извршниот совет на НРМ;

в) Во случај на појава на чума по свињите, сите свињи во незаразените дворови во населбата ќе се инжектираат превентивно против чумата, а во заразените дворови ќе се примени колење и др. ветеринарно-санитарни мерки, според постојните прописи;

г) Свињите кои се тераат на заедничко пасиште мораат предварително да бидат заштитно инжектирани најмалку 21 ден пред тргнувањето;

д) Свињите кои се тераат, или транспортираат од една околија во друга, ако служат за натамошно одгледување, пред тргнувањето односно утоварот треба задолжително да се серумираат доколку не се превентивно заштитени.

7. Црвен ветер по свињите

а) Превентивно инжектирање на свињите против црвениот ветер кај свињите ќе се изврши во населбите и земјоделските организации што се стационерно загрозени со црвен ветер кај свињите.

Надлежниот околиски ветеринарен инспектор ќе ги одреди населбите и земјоделските организации што се сметаат за стационерно заразени.

8. Краста

а) Во подрачјето во кои крастата владееше во текот на 1960 година, најдоцна до крајот на април 1961 година ќе се изврши преглед на добитокот за краста.

До 15 октомври 1961 година ќе се изврши двократно капење на овците од сите стада во кои беше установена крастата во текот на 1960 година, односно во кои ќе биде таа установена до 15 октомври 1961 година;

б) Овците од стадата што одат на летна испаша и во кои имало краста во 1960 година односно во кои ќе се појави таа во периодот пред тргнувањето на летна испаша, задолжително треба да се искапат најмалку еднаш уште дури се на зимните пасишта.

За стадата овци кои подлежат на капење по претходниот став, доколку не бидат искапени, надлежните ветеринарни инспектори не смеат да издадат уверенија за здравственост.

9. Чума по птиците

а) Задолжително превентивно инжектирање на кокошките против чумата со муктезар вакцина ќе се изврши во времето од 1 октомври до 31 декември 1961 година;

б) Во случај на појава на чума сите кокошки во незаразените дворови во населбата ќе се инжектираат превентивно против чумата, а во заразените дворови ќе се примени колење и други ветеринарно-санитарни мерки според постојните прописи;

в) Во земјоделските стопанства и задругите што се занимаваат со одгледување на кокошки ќе се изврши задолжително инжектирање на пилињата против чумата.

10. Сакагија

а) Во земјоделските стопанства и задругите задолжително ќе се изврши офталмомелинизација и земање на крв за преглед на сакагија од сиот еднокопитен добиток;

б) Шумските и др. работилишта што работат со еднокопитен добиток должни се да преземат мерки ангажираните коњи да бидат прегледани за сакагија. Негативниот резултат ветеринарната станица го забележува на пасошот или на сопственикот на добитокот му издава потврда;

в) Лицата што стално се предвижуваат со еднокопитен добиток од околија во околија должни се тој добиток да го подвргнат на преглед на сакагија најмалку два пати годишно. Негативниот резултат ветеринарната станица ќе го забележи на грбот на пасошот или на сопственикот ќе му издаде потврда.

11. Заразна кривотница кај овците

Ќе се изврши преглед на сите стада овци сомнителни на заразната кривотница и лекување на овците во стадата за кои се утврди дека се заразени со заразната кривотница.

На лекување подлежат сите овци во заразеното стадо.

12. Ентеротоксемија кај овците и заразен пролив кај јагнињата

Ќе се изврши заштитно инжектирање на овците против ентеротоксемијата и заразниот пролив во подрачјата каде тие се јавуваат.

Околиските ветеринарни инспектори ќе ги одредат населбите и земјоделските организации каде ќе се изврши инжектирањето од претходниот став.

13. Заразна агалакција кај овците и козите

Со оглед на фактот што заразната агалакција кај овците и козите е сведена на најмала мера, ќе биде потребно да се преземаат најригорозни мерки за нејзиното искоренување во последните заразени дворови и стопанства.

14. Тифус кај домашните птици и бела дрскавица кај пилињата

Во борбата против тифусот кај домашните птици и белата драскавица кај пилињата ќе се постапува во се спрема Наредбата за спречување и отстранување на тифусот кај кокошките и белата дрскавица кај пилињата („Службен весник на НРМ" број 23/57).

15. Белодробна стронгилоза и стомашно цревни паразити кај овците

Лекувањето на овците против белодробната стронгилоза и стомашно цревните паразити ќе се врши во населбите и стадата каде тие ќе се појават.

За оваа цел е потребна претходна согласност на околискиот ветеринарен инспектор.

16. Пироплазмоза

Во времето од месец мај до месец септември 1961 година ќе се изврши двократно капење со противкрлежни средства на сите овци и овни од расата мерино и мерино мелези, односно на сите внесени говеда.

17. Заразни болести кај пчелите

Ќе се изврши преглед на сите кошници и сандаци пчели во општествените и задружните стопанства, а спрема можностите и во индивидуалните стопанства.

III

Евиденција за спроведување на мерките одредени со оваа наредба се води на установените обрасци.

По 10 дена од свршетокот на секоја од напред наброените акции, ветеринарната станица доставува извештај до општинскиот и околискиот ветеринарен инспектор, а по 20 дена од свршувањето на акцијата околискиот ветеринарен инспектор за своето подрачје доставува сумарен извештај до Управата за ветеринарна служба на Секретаријатот за земјоделство и шумарство на Извршниот совет на НРМ.

IV

Оваа наредба влегува во сила од денот на нејзиното објавување во „Службен весник на Народна Република Македонија".

Број 12—3243/1
14 декември 1960 година
Скопје

Секретар
за земјоделство и шумарство на
Извршниот совет,
Салтир Путински, с. р.

357.

На основа член 26 став 2 а во врска со член 7 од Законот за промет со семенска стока („Службен лист на ФНРЈ" бр. 27/54), Секретаријатот за земјоделство и шумарство на Извршниот совет донесува

РЕШЕНИЕ
ЗА ДОПОЛНЕНИЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ УСТАНОВИ КОИ ЌЕ ВРШАТ ИСПИТУВАЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНА СОСТОЈБА И КВАЛИТЕТОТ НА СЕМЕНСКА СТОКА

I

Во Решението за определување установи кои ќе вршат испитување на здравствена состојба и квалитетот на семенската стока („Службен весник на НРМ" бр. 2/55, 14/59 и 8/60 год.) во оддел II по точка 8 се додава нова точка 9 која гласи:

„9) Институт за тутун во Прилеп".

II

Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Народна Република Македонија".

Број 05-3439/1
21 декември 1960 година
Скопје

Секретар
за земјоделство и шумарство
на Извршниот совет,
Салтир Путински, с. р.

По извршеното сравнување со изворниот текст е утврдено дека во Законот за надградување (објавен во „Службен весник на НРМ" број 34/60) се поткрале грешки поради кое се дава

ИСПРАВКА
НА ЗАКОНОТ ЗА НАДГРАДУВАЊЕ

1. Во член 3, точка 3 место последниот збор „околија" треба да стои „околина";

2. Во член 10, став 2 место „кому" треба да стои „кого";

3. Во член 4, став 2, ред 1 и член 17, ред 3 место „за" треба да стои „на";

4. Во член 15, став 1, ред 5 место зборот „за" треба да стои зборот „со", а во став 2 ред 5 место зборот „надоградување" треба да стои зборот „надградување";

5. Во член 18, точка 3. ред 2, место зборот „надоградените" треба да стои зборот „надградените";

6. Во член 22, став 1 ред 2 место „гаранција" треба да стои „гаранцијата";

7. Во член 29, став 1 место „претходниот член" треба да стои „член 27 од овој Закон".

Од Народното собрание, Скопје 28 ноември 1960 година

По извршеното сравнување со изворниот текст е утврдено дека во Законот за настојниците на зградите („Службен весник на НРМ" број 41/60) се поткрале грешки поради кое се дава

ИСПРАВКА
НА ЗАКОНОТ ЗА НАСТОЈНИЦИТЕ НА ЗГРАДИТЕ

1. Во член 20, став 1, ред 2 по зборот „може" треба да стои зборот „да";

2. Во член 28, став 1, по зборот „решението" наместо предлогот „на" треба да стои „за";

3. Во член 33, став 1, ред 2, наместо „засновање" треба да стои „засновале".

Од Народното собрание, Скопје 28 декември 1960 година

По извршеното сравнување со изворниот текст е утврдено дека во Законот за основање Републичка индустриска комора („Службен весник на НРМ" број 41/60) се поткрала грешка поради кое се дава

ИСПРАВКА
НА ЗАКОНОТ ЗА ОСНОВАЊЕ РЕПУБЛИЧКА ИНДУСТРИСКА КОМОРА

Во член 6, по зборот „објавувањето" треба да стои зборот „во".

Од Народното собрание, Скопје 28 декември 1960 година

По извршеното сравнување со изворниот текст е утврдено дека во Законот за начинот на употребата на дополнителните средства за изградба на судски згради („Службен весник на НРМ" број 41/60) се поткрала грешка поради кое се дава

ИСПРАВКА
НА ЗАКОНОТ ЗА НАЧИНОТ НА УПОТРЕБАТА НА ДОПОЛНИТЕЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА ИЗГРАДБА НА СУДСКИ ЗГРАДИ

Во член 2, став 1, на две места, место „постојаните" треба да стои „постојните".

Од Народното собрание, Скопје 28 декември 1960 година

По извршеното сравнување со изворниот текст, е утврдено дека во Законот за заштита на спомениците на културата („Службен весник на НРМ" број 41/60) се поткрале грешки поради кое се дава

ИСПРАВКА
НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА

1. Во член 9, став 2, ред 4 место „освети" треба да стои „совети";

2. Во член 16, став 1 ред 3, место „струка" треба да стои „стручно";

3. Во член 27, став 1, ред 3, место „раставрирање" треба да стои „реставрирање";

4. Во член 23, став 1 ред 1 место „во" треба да стои „со".

Од Народното собрание, Скопје 28 декември 1960 година

Oiласен дел

РЕГИСТРАЦИИ НА СТОПАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. бр. 80, страна 355 е запишано следното: Се брише од регистарот на Претпријатијата и дуќаните Продавницата бр. 2 во Скопје на Општиот деловен задружен сојуз „Задружно дело" — Скопје, согласно со решението на Народниот одбор на општината „Идадија" — Скопје бр. 05-1526 од 14-X-1959 година.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 864/59. (2015)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. бр. 59, страна 157 е запишано следното: Се брише од регистарот на претпријатијата и дуќаните Угостителскиот дуќан „Скопје" — Куманово, бидејќи со решението на Народниот одбор на општината Куманово бр. 18477/1 од 11-XП-1959 год. е припоен кон Угостителското претпријатие „Бисерка", Куманово, сметано од 1-I-1960 год.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 54/60. (168)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. бр. 75, страна 193 е запишано следното: Се брише од регистарот на претпријатијата и дуќаните Угостителскиот дуќан „Инвалидски ан" — Куманово, бидејќи со решението на Народниот одбор на општината Куманово бр. 18477/1 од 11-XП-1959 год. е припоен кон Угостителското претпријатие „Бисерка", Куманово, сметано од 1-I-1960 год.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 57/60. (169)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. бр. 17, страна 43 е запишано следното: Се брише од регистарот на претпријатијата и дуќаните Земјоделското сточарство стопанство „Млекар" — Кавадарци, бидејќи со решението на Народниот одбор на општината Кавадарци бр. 04—8958/1 од 24-XI-1959 год. е припоен како самостоен погон во состав на претпријатието, кон Земјоделскиот комбинат „Тиквеш", Кавадарци, сметано од 31-XП-1959 година.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 67/60. (171)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. бр. 12, страна 25 е запишано следното: Согласно со решението на Народниот одбор на општината Кавадарци бр. 04—8958/1 од 24-XI-1959 год. фирмата на Лозаро-винарското претпријатие „Тиквеш" — Кавадарци во иднина се менува и гласи: Земјоделски комбинат „Тиквеш" — Кавадарци.

Со горецитираното решение и дејноста на Земјоделскиот комбинат „Тиквеш" — Кавадарци во иднина се менува и е:

— подигање на плантажни лозја и овоштарници, одгој на истите и производство на винско и аталско грозје и овошје;

— производство на посадочен лозаро-овоштен материјал, преработка на грозје и овошје во алкохолни и безалкохолни пијалоци и специјални вина

и производство на гроздови и овошни концентрати;

— производство на земјоделско-сточарски производи и преработка на тие производи;

— продажба на сопствени производи;

— откуп на вински сорти грозје од земјоделски задруги и преработка на истите.

Со решението бр. 04—8958/1 од 24-XI-1959 год. на Народниот одбор на општината Кавадарци кон Земјоделскиот комбинат „Тиквеш“ Кавадарци е припоено Земјоделското сточарско стопанство „Млекар“, Кавадарци, како самостоен погон во состав на претпријатието.

Досегашниот шеф на сметководството Ванчов Томе е разрешен од должност и му престанува правото за потпишување.

За шеф на сметководството е назначен Доне Илиев Стојанов. Тој комбинатот ќе го потпишува, задолжува и раздолжува во границите на овластувањето со старите потписници Јован Стојанов, директор, Стефан Велков, шеф на комерцијалното одделение, и новоназначениот потписник Ѓорѓи Петров Камчев, технички раководител, сметано од 29-I-1960 година.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 66/60. (172)

СОДРЖИНА

Стр.

333. Указ за прогласување на Законот за завршната сметка за извршување на буџетот на Народна Република Македонија за 1959 година — — — — — — — 719
Закон за завршната сметка за извршување ан буџетот на Народна Република Македонија за 1959 година — — — — 719
334. Указ за прогласување на Законот за Републичкиот фонд за научна работа — 719
Закон за Републичкиот фонд за научна работа — — — — — — — — — 719
335. Указ за прогласување на Законот за музејските установи — — — — — — 722
Закон за музејските установи — — — 722
336. Указ за прогласување на Законот за библиотеките — — — — — — — — 726
Закон за библиотеките — — — — — 726
337. Указ за прогласување на Законот за заштита на природните реткости — — 735
Закон за заштита на природните реткости 735
338. Одлука за времено финансирање на потребите на Народна Република Македонија за период јануари—март 1961 год. 745
339. Одлука за одобрување на завршната сметка на Републичкиот инвестиционен фонд за 1959 година — — — — — 745
340. Уредба за составот на стручната комисија и за начинот на избор од звањата професор и предавач на виша школа — — 748
341. Уредба за укинување на Управата за заштита на растенијата на Управата за пасишта — — — — — — — — 749
342. Одлука за данокот на промет на тутун 749
343. Одлука за пренесување правата на Извршниот совет како оснивач на Институтот за научно истражување во индустријата на Техничкиот факултет на Универзитетот во Скопје — — — — 749
344. Решение за основање Центар за економика на домаќинството — — — — — 750
345. Решение за разрешување и именување членови на Советот за социјална политика и комунални прашања на НРМ — 750
346. Решение за разрешување и именување членови на Советот за народно здравје на НРМ — — — — — — — — 751
347. Решение за именување Совет за избор на филмови на Претпријатието за изнајмување филмови „Македонија“ — Скопје 751
348. Решение за разрешување и именување членови на Советот на Вишата управна школа во Скопје — — — — — — 751
349. Решение за разрешување и именување членови на Советот за култура на НРМ 752
350. Решение за образување управен одбор за Претпријатието во изградба „Рудници и железара Скопје“ — Скопје — — — 752
351. Решение за разрешување и именување претседател на Советот за прекршоци при Државниот секретаријат за внатрешни работи на НРМ — — — — — — 752
352. Решение за поставување директор на Државниот архив — — — — — — — 753
353. Наредба за одредување трошоци на трговија на големо за пченица, 'рж, пченка, јачмен (освен пиварскиот), зоб и прекрупа — — — — — — — — — 753
354. Наредба за одредување трошоци на прометот на големо и трошоците на производството (помељарина) за пшенично, 'ржено и пченкарно брашно — — — 753
355. Наредба за одобрување трошоци на прометот на големо на добиточна храна од индустриско потекло — — — — — 754
356. Наредба за преземање мерки за заштита на добитокот од заразните болести во 1961 година — — — — — — — — — 754
357. Решение за дополнение на Решението за определување установи кои ќе вршат испитување на здравствена состојба и квалитетот на семенска стока — — — 756
Исправка на Законот за надградување — 756
Исправка на Законот за настојниците на зградите — — — — — — — — 756
Исправка на Законот за основање Републичка индустриска комора — — — — 757
Исправка на Законт за начинот на употребата на дополнителните средства за изградба на судски згради — — — — 757
Исправка на Законот за заштита на спомениците на културата — — — — 757

Издавач: „Службен весник на НРМ“ — новинско-издавачко претпријатие, Скопје, ул. „29 ноември“ бр. 10. Пошт. фах 51. Тел. 19-86. Одговорен уредник Петар Јаневски. Жиро сметка бр. 802-11/1—698 при Народната банка — Скопје. Графички завод „Гоце Делчев“ (6191) — Скопје.